# ЗАКОН
# ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

**Службен весник на Република Македонија број. 24/2011, 51/2011 и 148/2011)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите, условите и начинот на приредување на игрите на среќа и забавните игри.

### Член 2

Поимите употребени во овој закон го имаат следното значење:

1) Игри на среќа се игрите во кои учесниците имаат еднакви можности за стекнување на добивка со посредна или непосредна уплата на одреден износ (влог), а резултатот од играта исклучиво или претежно зависи од случајноста или од некој неизвесен настан во играта;
2) Забавни игри се игрите на компјутери, симулатори, видео-автомати, флипери и други слични апарати кои се ставаат во погон со помош на пари, жетони или на друг начин, како и пикадо, билијарди и други слични игри во кои се учествува со уплата, а во кои учесникот не може да оствари добивка во пари, предмети или права, туку стекнува право на една или повеќе бесплатни игри од ист вид, како и други игри од забавен карактер во кои се подразбира дека учесникот во забавните игри кој губи ги сноси трошоците за играта или каде што уплатите (влоговите) и добивката се незначителни;
3) Приредувач на игра на среќа е трговско друштво со седиште во Република Македонија на кое му е издадена лиценца, односно дозвола за приредување на игри на среќа и трговско друштво во кое содружник или акционер е Република Македонија и е основано за приредување на игри на среќа;
4) Приредувач на забавна игра е трговско друштво и физичко лице-трговец поединец на кои им е издадена дозвола за приредување на забавни игри;
5) Учесник во игрите на среќа и во забавните игри е лице кое ги исполнило условите определени со правилата на играта на среќа и забавната игра утврдени од страна на приредувачот на играта на среќа, односно приредувачот на забавната игра;
6) Лотариски игри на среќа се игри кои се приредуваат со јавно извлекување и кај кои однапред е одреден фондот на добивките;
7) Лотарија е игра на среќа кај која учесникот поседува лоз, кој го издава приредувачот на играта на среќа, на кој во согласност со правилата на играта, однапред се впишани одредени броеви. Лозот се смета за добитен кога на

механичкото јавно извлекување на лотаријата, на денот кој е однапред одреден, ќе се извлечат одредени делови од бројот или цели броеви впишани на лозот;
8) Експрес лотарија е игра на среќа во која учесникот има лоз, кој го издава приредувачот на играта на среќа, на кој во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани видови и износ на добивка, одреден симбол или број, а кои се обезбедуваат со ставање на лозот во запечатена обвивка. Лозот е добитен кога на него е назначена добивка, симбол или број кој според правилата на играта претставуваат добивка;
9) Инстант лотарија е игра на среќа во која учесникот поседува лоз кој го издава приредувачот на играта на среќа, на кој во согласност со правилата на играта на среќа, однапред е впишан вид и износ на добивка или одреден симбол или број кои се прекриени со соодветна заштита, а која учесникот ја отстранува со гребење на заштитата. Лозот е добитен кога на него е назначена добивка или одреден симбол или број кои во согласност со правилата на играта претставуваат добивка;
10) ТВ томбола (ТВ бинго) е игра на среќа во која учесникот поседува потврда за уплата која ја издава приредувачот на играта на среќа и на која во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани броеви, а добитник е учесникот кој поседува потврда за уплата што покажува комбинација на броеви (комбинација на добивката) која според правилата на играта е означена како добитна, при што броевите на оваа комбинација се добиваат по пат на механичко или електронско јавно извлекување и тоа на ден кој е однапред одреден и во однапред утврдено време, во согласност со правилата на игра, а со посредство на телевизиски медиум;
11) Томбола од затворен тип е игра на среќа во која учесникот има томболска картичка која ја издава приредувачот на играта на среќа и на која во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани броеви, а добитник е учесникот кој поседува томболска картичка што покажува комбинација на броеви (комбинација на добивката) која според правилата на играта е означена како добитна, при што броевите на оваа комбинација се добиваат по пат на механичко извлекување кое не се пренесува со посредство на средствата за јавно информирање;
12) Лото и кено се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на играта треба да погоди одредена група на броеви по сопствен избор. За одиграните комбинации на броеви, учесникот на играта добива потврда за уплата. Добивка се постигнува кога одиграните броеви на потврдата за уплата одговараат на броевите извлечени со механичко или електронско јавно извлекување и кога од страна на учесникот ќе се исполнат други услови утврдени во правилата на играта;
13) Спортска прогноза (тото) е игра на среќа во која учесникот го погодува резултатот на спортските натпревари за секој пар посебно, согласно со правилата на играта. За одиграната прогноза, учесникот на играта добива потврда за уплата. Добивка се постигнува само кога учесникот ги погодил сите или со правилата на играта утврдениот број резултати од натпреварите, а под услов постигнатите резултати да се идентични со прогнозираните резултати на потврдата за уплата;
14) Фонто е игра на среќа во која учесникот на негов повик, со исполнување и на други услови, ако се предвидени со правилата на игра доделува одреден број или друга единствена ознака или учесникот сам ја избира. Учесникот ја остварил добивката ако доделениот број или друга единствена ознака е извлечена со јавно извлекување во согласност со правилата на игра;

15) Електронски игри на среќа се игри на среќа кај кои извлекувањето се врши по пат на електронски или механички генератор на случајноста и резултатот се пренесува електронски, при што фондот на добивки не мора однапред да биде одреден;
16) Видео лотарија е електронска игра на среќа која се игра на електронски видео лотариски терминали (ВЛТ-терминали) кои се поврзани во електронски контролирана мрежа, при што резултатот од играта (одлуката за добивка или загуба) се генерира со помош на електронскиот или механичкиот генератор на случајноста (генераторот на случајни броеви) исклучиво на еден централен сервер (од страна на централата на приредувачот на играта на среќа);
17) Електронско бинго и електронско кено се игри на среќа кај кои учесникот во играта на среќа ги добива потврдите за уплата во електронска форма на терминал или автомат и извлекувањето се врши од страна на централата по пат на електронскиот или механичкиот генератор на случајноста. Резултатот во согласност со правилата на играта електронски се пренесува и прикажува на терминалите;
18) Наградни игри се игрите на среќа кои заради рекламирање на производи и услуги ги приредува едно трговско друштво или повеќе трговски друштва заедно, на начин определен од страна на приредувачот на играта на среќа (на вообичаен начин, електронски начин, по пат на мобилен уред, интернет и сл.) со јавно објавување на условите за учество во играта утврдени со правилата на играта, при што приредувачот на играта на среќа се обврзува на извлечените добитници да им ги додели наградите во предмети, пари или права;
19) Интерактивни игри на среќа се игрите на среќа кои се приредуваат преку средствата за електронски комуникации, односно телекомуникации и кои се реализираат преку одговорање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во играта да е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во играта и тоа од телефонски такси или која било друга форма на уплата (влог) од страна на учесникот во играта;
20) Посебни игри на среќа се игри на среќа во кои учесниците играат еден против друг или против приредувачот на играта на среќа и имаат можност да остварат добивка во зависност од висината на својот влог и правилата на играта на среќа;
21) Игри на среќа во казино се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти;
22) Игри на среќа во обложувалница се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на игра се натпреварува за резултатите на различни спортски и други настани:

-обложување за резултатите на поединечни или групни спортски натпреварувања, трки и сл.,

- обложување за танцови, певачки, музички и слични натпреварувања и
- други натпреварувања;

23) Игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер“) и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на еденствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта;

24) Автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер“) се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка;
25) Интернет игри на среќа се игри на среќа во кои учесникот во игрите на среќа може да учествува по пат на глабалната интернет мрежа (ГИН).

**Член 3**

(1) За се што не е предвидено со овој закон се применува Законот за општата управна постапка.

(2) Управните акти со кои се одлучува во постапките утврдени со овој закон се конечни во управната постапка и против нив може да се поведе управен спор пред надлежен суд, во согласност со Законот за управните спорови.

(3) Постапката на вршење на инспекцискиот надзор се врши согласно со Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**Член 4**

(1) Игрите на среќа можат да бидат општи игри на среќа, посебни игри на среќа и интернет игри на среќа.

(2) Општи игри на среќа се:

1) лотариски игри на среќа,
2) електронски игри на среќа,
3) наградни игри и
4) интерактивни игри на среќа.

(3) Посебни игри на среќа се:

1) игри на среќа во казино,
2) игри на среќа во обложувалница и
3) игри на среќа во автомат клуб.

(4) Интернет игри на среќа се општите и посебните игри на среќа од ставовите (2) и (3) на овој член, како и други видови на игри на среќа во кои учесникот може да учествува преку глобалната интернет мрежа.

### Член 5

(1) Лотариски игри на среќа се:

1) лотарија,
2) експрес лотарија,
3) инстант лотарија,
4) ТВ томбола (ТВ бинго),
5) лото,
6) кено,
7) спортска прогноза (тото),
8) фонто и
9) томбола од затворен тип.

(2) Електронски игри на среќа се:

1) видео лотарија,
2) електронско бинго и
3) електронско кено.

### Член 6

За игра на среќа не се смета квиз кој се реализира преку одговорање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во квизот да не е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во квизот и тоа од телефонски такси во висина поголема од редовната цена на телефонските импулси или која било друга форма на уплата (влог) на сметка на учесникот во квизот.

## II. ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ

### Член 7

(1) Приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Македонија, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа, во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

(3) Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец-поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

(4) Лиценцата односно дозволата од став (3) на овој член не смее да се пренесе на друго трговско друштво односно трговец-поединец.

**Член 8**

(1) Лиценцата ги содржи правата и обврските на приредувачот на игрите на среќа.

(2) Лиценцата се издава за временски период кој за секоја одделна игра на среќа е утврден со овој закон.

(3) Приредувачот на игрите на среќа е должен игрите на среќа за кои добил лиценца да ги спроведува без прекин во текот на временскиот период за кој му е издадена лиценцата.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, приредувачот на игрите на среќа може да го прекине спроведувањето на играта на среќа во случај на виша сила или технички дефект (престанок на струја и сл.) и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила, односно техничкиот дефект.

(5) За прекинот од ставот (4) на овој член одлучува Министерството за финансии, по доставено и образложено барање од страна на приредувачот на игрите на среќа. Приредувачот на игрите на среќа е должен да го извести Министерството за финансии без одлагање за престанувањето на причините за прекинот.

(6) Во случај на прекин на спроведувањето игра на среќа подолго од периодот од ставот (4) на овој член, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата.

(7) Во случај на одземање на лиценцата, се определува рок во кој приредувачот на игрите на среќа е должен и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа, во кој ќе се обезбеди завршување на започнатите игри на среќа, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(8) Приредувачот на игрите на среќа има право да се откаже од приредувањето на играта на среќа за која му е издадена лиценцата и пред истекот на рокот на важноста на лиценцата, без право на враќање на уплатените надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон, со обврска да ги плати пристигнатите за плаќање надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон. За откажувањето одлучува Владата на Република Македонија по доставено образложено барање од страна на приредувачот на игрите на среќа до Министерството за финансии, со соодветна примена на одредбата од ставот (7) на овој член.

## Член 9

(1) Забавните игри, наградните игри и интерактивните игри на среќа се приредуваат врз основа на дозвола.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за:

1)приредувачот на забавната игра, наградната игра, односно интерактивната игра на среќа;
2) видот на играта на среќа;
3) времетраењето на дозволата;
4) местото на приредувањето на забавната игра, наградната игра, односно интерактивната игра на среќа;
5) правата и обврските на приредувачот на забавната игра, наградната игра, односно интерактивната игра на среќа и
6) износот на надоместокот за добиената дозвола.

(3) Приредувачот на игрите е должен игрите од ставот (1) на овој член за кои добил дозвола да ги спроведува без прекин во текот на времето за кое му е издадена дозволата.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, приредувачот на игрите може да го прекине спроведувањето на игрите од ставот (1) на овој член во случај на виша сила или технички дефект (престанок на струја и сл.) и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила, односно техничкиот дефект.

(5) За прекинот од ставот (4) на овој член одлучува Министерството за финансии по доставено и образложено барање од страна на приредувачот на игрите. Приредувачот на игрите е должен да го извести Министерството за финансии без одлагање за престанување на причините за прекинот.

(6) Во случај на прекин на спроведувањето на игрите од ставот (1) на овој член подолго од периодот од ставот (4) на овој член, Министерството за финансии ја одзема дозволата.

(7) Во случај на одземање на дозволата, се определува рок во кој приредувачот на игрите е должен и понатаму да ги спроведува започнатите игри од ставот (1) на овој член, во кој ќе се обезбеди завршување на започнатите игри, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(8) Приредувачот на игрите има право да се откаже од приредувањето на игрите од ставот (1) на овој член за кои му е издадена дозволата и пред истекот на рокот на важноста на дозволата, без право на враќање на уплатените надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон, со обврска да ги плати пристигнатите за плаќање надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон. За откажувањето одлучува Министерството за финансии по доставено образложено барање од страна на приредувачот на игрите, со соодветна примена на одредбата од ставот (7) на овој член.

### Член 10

(1) Трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

(2) Трговското друштво, односно трговецот-поединец на кое му издадена дозвола за приредување на забавна игра во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта во рок од 15 дена од денот на приемот на дозволата.

(3) Трговското друштво на кое му е издадена дозвола за приредување на наградна игра и интерактивна игра на среќа е должно да започне со приредувањето на играта на среќа во рокот определен со правилата на играта утврдени од страна на приредувачот на игрите.

### Член 11

(1) За издавање на лиценца и дозвола се плаќа надоместок, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата.

(3) Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

(4) Роковите на доспеаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата.

### Член 12

Издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии.

### Член 13

(1) Лиценцата, односно дозволата за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри ќе му се одземе на приредувачот на игрите на среќа, односно на забавните игри, ако се утврди дека:

1) не почнал со приредување на играта во роковите утврдени со член 10 на овој закон;
2) не ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови утврдени со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон;

3) ги крши правилата на играта на среќа;
4) не ги плаќа редовно надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон или на учесниците во игрите на среќа не им ги исплатува добивките;
5) не допушта или на друг начин спречува надзор пропишан со овој закон или го отежнува спроведувањето на надзорот;
6) неточно прикажува остварен промет;
7) позајмува пари на учесниците во игрите на среќа;
8) не постапува согласно со издадената лиценца односно дозвола за приредување на играта на среќа и забавните игри;
9) не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во случаите утврдени со член 18 на овој закон;
10) не ја одржува висината на основната главнина на трговското друштво пропишана со овој закон и
11) во други случаи утврдени со закон.

(2) Лиценцата, односно одобрението за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри ќе му се одземе на приредувачот на игрите на среќа, односно на забавните игри, ако се утврди дека приредува игри на среќа или забавни игри врз основа на добиена лиценца или одобрение согласно со прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, а не го усогласил своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

**Член 14**

(1) Секоја игра на среќа има правила, а казиното има и правилник.

(2) Правилата на игрите на среќа односно правилникот на казиното ги донесува приредувачот на игрите на среќа.

(3) Правилата на игрите на среќа односно правилникот на казиното треба да бидат истакнати на видно место во просторот каде се приредуваат игрите на среќа и да бидат достапни за учесниците во игрите на среќа.

(4) Во текот на играта на среќа, односно во текот на започнатото коло, не можат да се менуваат правилата на играта на среќа и правилникот на казиното, а започнатата игра на среќа, односно започнатото коло мора да се заврши до крајот според истите правила односно правилник.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, Министерството за финансии, на барање на приредувачот на играта на среќа, може да даде согласност да се одложи денот или да се промени местото на извлекувањето односно определувањето на добивката. Барањето треба да биде образложено.

(6) Доколку приредувачот на играта на среќа започнал со продажба на лозови, томболски картички или примил уплати, а поради околности кои однапред не можеле да се предвидат нема можност да ја заврши играта на среќа и таа се

откажува е должен во рок од 30 дена од денот на откажувањето на играта да им ги врати примените пари односно влогови на учесниците во играта на среќа.

(7) Министерството за финансии дава согласност на правилата на игрите на среќа и на правилниците на казината.

(8) Согласноста од ставот (7) на овој член се издава на начин што се заверува секоја страна од правилата на играта на среќа, односно правилникот на казиното со ставање на печат на Министерството за финансии.

**Член 15**

(1) Добивките од игрите на среќа можат да бидат во пари, предмети и права.

(2) За исплатата на добивките од игрите на среќа гарантира приредувачот на игрите на среќа со целокупниот свој имот.

(3) Република Македонија не гарантира за добивките кои учесниците ќе ги остварат во игрите на среќа.

**Член 16**

(1) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на Република Македонија.

(2) Износот на средствата за намената утврдена во ставот (1) на овој член се определува на 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 60 милиони денари и не повеќе од 120 милиони денари.

(3) Распределбата на средствата од ставот (2) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од страна на Министерството за труд и социјална политика.

(4) Министерството за труд и социјална политика програмата од ставот (3) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на субјектите од ставот (1) на овој член, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

(5) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на посебните игри на среќа се користат за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови преку Агенцијата за млади и спорт.

(6) Висината на средствата за намената утврдена во ставот (5) на овој член се определува на износ кој не може да биде помал од 30 милиони денари и не поголем од 50 милиони денари.

(7) Распределбата на средствата од ставот (6) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт.

(8) Агенцијата за млади и спорт програмата од ставот (7) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на спортските федерации и клубови, како и врз основа на сопствени проекти за унапредување на спортот, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

**Член 17**

Надоместоците и посебните давачки од игрите на среќа утврдени со овој закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

**Член 18**

(1) Приредувачот на игри на среќа за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ кој за соодветната игра на среќа е утврден со овој закон, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата и во истиот рок доказот за депонираниот депозит или банкарската гаранија да ги достави до Министерството за финансии.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува на приредувачите на наградните игри, интерактивните игри на среќа, забавните игри и на приредувачите на лотариските игри на среќа, освен на приредувачите на играта на среќа томбола од затворен тип.

**Член 19**

Се забранува:

1) учество во странски игри на среќа, особено ако влоговите се уплаќаат на територијата на Република Македонија;

2) продажба, рекламирање и секое друго претставување на странски лозови, томболски картички, ливчиња, тикети, електронски картички и слично на територијата на Република Македонија;

3) приредување на игри на среќа и забавни игри во технолошките индустриски развојни зони на територијата на Република Македонија;

4) приредување на игри на среќа кои не се регулирани со овој закон, а кои даваат можност за стекнување на добивка и

5) учество во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола.

**Член 20**

(1) Лица помлади од 18 години не можат да учествуваат во игрите на среќа.

(2) Приредувачот на играта на среќа е должен да го оневозможи учеството на лица помлади од 18 години во игрите на среќа.

(3) На лица помлади од 18 години не е дозволен влез во казина, во простории каде се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови.

(4) Приредувачот на играта на среќа е должен да оневозможи влез на лица помлади од 18 години во казина, во простории каде се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови.

(5) Приредувачот на играта на среќа има право да врши увид во документацијата со која се докажува возраста на лицата од ставите (1) и (3) на овој член.

**Член 21**

(1) Игрите на среќа и забавните игри се приредуваат во посебно уредени простории кои треба да ги исполнуваат просторните и техничко-технолошките услови, кои ги пропишува министерот за финансии.

(2) Продажбата на лозови, инстант лозови и томболски картички за ТВ томбола, односно уплатата на лото, кено и спортска прогноза (тото) може да се врши и по пат на улична продажба.

(3) Доколку тоа го дозволува видот на играта на среќа, општите и посебните игри на среќа може да се приредуваат преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред.

(4) Просторните и техничко-технолошките услови кои приредувачите на игрите на среќа се должни да ги исполнуваат доколку ги приредуваат игрите на среќа преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред ги пропишува министерот за финансии со актот од ставот (1) на овој член.

**Член 22**

(1) Лозовите, томболските картички и уплатните тикети за обложување ги печати приредувачот на игрите на среќа.

(2) Лозовите и томболските картички за одделните видови на игри на среќа ги евидентира Управата за јавни приходи.

(3) Приредувачите на игри на среќа се должни во рок од 30 дена по завршувањето на играта на среќа, непродадените лозови и томболски картички да ги предадат во Управата за јавни приходи, без право на надомест на трошоците за вратените количини.

(4) Формата и содржината на лозовите, томболските картички и уплатните тикети за обложување ги пропишува министерот за финансии.

**Член 23**

(1) Приредувачот на посебни игри на среќа е должен да води книга на благајна на начин што овозможува увид во дневната состојба на приходите од игрите на среќа.

(2) Книгата на благајна приредувачот на посебните игри на среќа е должен да ја води според сметководствените начела, стандарди, принципи и сметководстената практика.

(3) Книгата на благајна се води во поврзани листови, заверени во Управата за јавни приходи.

(4) Книгата на благајна се чува најмалку десет години.

(5) Содржината на книгата на благајна ја пропишува министерот за финансии.

**Член 24**

Трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа е должно во рок од шест месеци по завршувањето на финансиската година да доставува ревизорски извештај до Министерството за финансии, за извршената ревизија од страна на овластен ревизор.

**Член 25**

(1) Во врска со работите од областа на игрите на среќа и забавните игри, Министерството за финансии:

> 1) постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри, како и по барања за прекин и откажување на лиценци и дозволи;

2) издава и одзема дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри;

3) донесува решенија за прекин на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри и за откажување на дозволата;

4) донесува решенија за давање на согласност за одложување на денот на извлекувањето или за промена на местото на извлекувањето односно определувањето на добивката кај игрите на среќа во случаите определени со овој закон;

5) донесува решенија за промена на бројот на автоматите во автомат клубовите, за автоматите и масите во казината и за бројот на терминалите во играчниците за приредување на електронски игри на среќа;

6) донесува решенија за промена на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа и забавните игри и за промена на уплатно-исплатните места;

7) донесува решенија за давање на согласност за уплатно–исплатните места;

8) врши контрола над соодветноста на банкарската гаранција, односно на депонираниот депозит што е уплатен како гаранција согласно со одредбите на овој закон;

9) води евиденција за издадени, одземени и откажани лиценци и дозволи и

10) врши и други работи согласно со овој закон.

(2) Во врска со работите од областа на игрите на среќа, Владата на Република Македонија:

1) издава и одзема лиценци за приредување на игри на среќа;
2) одлучува за откажување на лиценците за приредување на игри на среќа и
3) врши и други работи согласно со овој закон.

(3) Формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) точка 9 на овој член ги пропишува министерот за финансии.

# III. ОПШТИ ИГРИ НА СРЕЌА

## 1. Услови и начин на приредување на општите игри на среќа

### Член 26

(1) Трговското друштво во државна сопственост од членот 7 став (2) на овој закон, по уписот во трговскиот регистар што се води во Централниот Регистар на Република Македонија и целосната уплата на основната главнина, до Министерството за финансии задолжително приложува:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) акт за основање на трговското друштво;
3) правила на игрите на среќа кои трговското друштво ќе ги приредува;
4) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;
5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
6) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дека на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
7) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
8) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган и
9) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година-од денот неговото основање до денот на приложувањето на информацијата.

(2) Министерството за финансии врши проверка на комплетноста и соодветноста на доставената документација.

### Член 27

Основната главнина на трговското друштво од членот 7 став (2) на овој закон не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

**Член 28**

(1) Приредувачот на игрите на среќа е должен продажбата на лозовите и потврдите за уплата да ги врши преку уплатно-исплатни места, за кои има добиено согласност од страна на Министерството за финансии.

(2) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за согласност на уплатно-исплатни места до Министерството за финансии на пропишан образец, кон кое приложува листа на уплатно-исплатни места со податоци за адресата на објектот, неговата површина и други податоци.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува и записник за увид на самото место од страна на Управата за јавни приходи и решение со кое се потврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови на уплатно-исплатните места.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на согласност за уплатно-исплатни места во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## 2. Правила на лотариските игри

**Член 29**

(1) Правилата на одделната лотариска игра на среќа ги донесува приредувачот на играта на среќа, а се применуваат по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

(2) Условите за приредување на лотариски игри на среќа кои се приредуваат во соработка со приредувачи на игри на среќа од други држави се пропишуваат со правилата на играта на среќа, на кои согласност дава Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии.

**Член 30**

(1) Учесник во лотариските игри на среќа е физичко лице кое ги исполнува условите за учество во одредена игра на среќа (коло или серија) во согласност со овој закон и правилата на играта на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа.

(2) За учесник во лотариските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на потврда за уплата, се смета имателот на таквата потврда ако податоците на потврдата за уплатата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа.

(3) За учесник во игрите на среќа лотарија, инстант лотарија и експрес лотарија се смета имателот на неоштетен лоз кој е издаден од приредувачот на игрите на среќа.

**Член 31**

(1) Правилата на лотариските игри на среќа особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на игрите на среќа;
2) име, опис и времетраење на играта на среќа;
3) услови за учество во играта на среќа;
4) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;
5) висината на влогот, односно поединечната цена на лозот, комбинацијата и крајниот рок за уплата за учество во играта на среќа;
6) количина и парична вредност на емисијата на лозовите;
7) видот и вкупната вредност на добивката;
8) опис на лозовите, односно потврдата за уплата;
9) начин, постапка и контрола на извлекувањето, односно утврдувањето на добивките;
10) начин на објавување на фондот на добивките, поединечната вредност на добивките и резултатите од играта на среќа;
11) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид и
12) постапка во случај на откажување на извлекувањето.

(2) Правилата за лотариските игри на среќа не можат да се менуваат по почетокот на продажбата на лозовите или уплатите за одреденото коло или серија, освен во случај од членот 14 став (5) на овој закон.

**Член 32**

(1) Пред почетокот на одреденото коло или серија, приредувачот на лотариските игри на среќа е должен правилата на играта на среќа јавно да ги објави најмалку во еден дневен весник достапен на територијата на која се продаваат лозовите или се примаат уплатите, а на лицата заинтересирани за учество во играта на среќа е должен да им овозможи на уплатно-исплатите места да се запознаат со правилата на играта на среќа.

(2) Обврската за јавно објавување од ставот (1) на овој член се смета за исполнета и доколку приредувачот на игрите на среќа пред почетокот на одреденото коло или серија правилата на играта на среќа ги објави на својата интернет страница.

## 3. Извлекување на добивките

### Член 33

(1) Во лотариските игри во кои добитните комбинации се утврдуваат со извлекување, извлекувањето е јавно.

(2) Извлекувањето се спроведува под надзор на три лица овластени од приредувачот на игрите на среќа.

(3) Пред почетокот на извлекувањето приредувачот на игрите на среќа мора да ги соопшти податоците за висината на уплатата и фондот на добивки.

(4) Приредувачот на игрите на среќа формира Комисија за потврдување на резултатите од игрите на среќа.

### Член 34

(1) Министерството за финансии на барање на приредувачот на игрите на среќа може да ја одобри промената на местото на извлекувањето на добивките или денот на извлекувањето, најдолго до 30 дена.

(2) Промената на местото или одлагањето на денот на извлекувањето на добивките приредувачот на игрите на среќа мора го објави на ист начин како што се објавени правилата за приредување на играта на среќа.

(3) Ако во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член се одложи денот на извлекувањето на добивките, приредувачот на игрите на среќа може да продолжи со продажбата на лозовите до денот одреден за извлекување на добивките.

(4) Ако се менува денот на извлекувањето од технички причини (престанок на струја, дефект на машината за извлекување и сл.), извлекувањето ќе се одржи за најмногу 24 часа, а приредувачот на игрите на среќа е должен за тоа да го извести Министерството за финансии.

### Член 35

(1) За текот на извлекувањето на добивките се води записник кој го составуваат овластените лица од членот 33 став (2) на овој закон.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи местото, времето и начинот на извлекување на добивките, бројот на продадените и непродадените лозови, вкупната уплата во тоа коло или серија, извлечените добитни комбинации, извештајот за утврдените резултати и добивките, како и видот, бројот и вредноста на добивките. Записникот се доставува до Министерството за финансии најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето.

**Член 36**

Извештајот за резулататите од извлекувањето и износот на добивките приредувачот на игрите на среќа е должен јавно да ги објави во најмалку еден дневен весник кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија и на уплатно-исплатните места, најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето.

## 4. Фонд на добивки и исплата

**Член 37**

(1) Фондот на добивки во лотариските игри на среќа изнесува најмалку 50% од примените уплати за учество во играта на среќа.

(2) Износот на фондот на добивки во одделна игра на среќа од ставот (1) на овој член по поединечно коло или серија на игри на среќа мора да биде утврден пред извлекувањето на добивките.

(3) Фондот на добивки од ставот (1) на овој член се користи за исплата на добивките на учесниците во играта на среќа.

**Член 38**

(1) Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки во лотариските игри на среќа се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од објавувањето на извештајот за резултатите од играта на среќа.

(2) Ако добитникот во лотариските игри на среќа не ја подигне добивката од играта на среќа во рокот од ставот (1) на овој член, износот на таа добивка се пренесува во некое од следните кола, односно серии, во која било лотариска игра на среќа.

**Член 39**

(1) За приредување на лотариските игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови, на месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## 5. Лиценца за приредување на томбола од затворен тип

### Член 40

(1) Лиценца за приредување на томбола од затворен тип се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 1.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член кон барањето задолжително треба да достави:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот Регистар на Република Македонија и доказ за висината на основната главнина;
2) акт за основање на трговското друштво;
3) правила на играта на среќа;
4) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;
5) потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци-од денот на неговото основање;
6) потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци-од денот на неговото основање;
7) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;
8) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година-од денот неговото основање до денот на поднесувањето на понудата;
9) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
10) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дека на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
11) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;

12) доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;
13) програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам и
14) доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца.

(4) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од ставот (3) на овој член е должно да достави и записник за увид на самото место од страна на Управата за јавни приходи и решение со кое се потврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на томбола од затворен тип.

**Член 41**

(1) Лиценцата за приредување на томбола од затворен тип се издава за период од четири години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип се плаќа надоместок во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

**Член 42**

(1) Лиценцата за приредување на томбола од затворен тип се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на играта на среќа томбола од затворен тип има право да ја промени деловната просторија во која се приредува томболата од затворен тип.

(3) Приредувачот на играта поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии на пропишан образец, кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на томбола од затворен тип и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредува томбола од затворен тип од страна на приредувачот на играта.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 43**

(1) Томбола од затворен тип може да се приредува со томболски картички кои се евидентирани и одобрени од страна на Управата за јавни приходи.

(2) Продажбата на томболските картички од ставот (1) на овој член приредувачот на играта ја врши исклучиво во деловната просторија во која се приредува томболата од затворен тип.

(3) Начинот на евидентирање и одобрување на картичките од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.

**Член 44**

(1) Приредувачот на томбола од затворен тип за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во томболата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на томбола од затворен тип е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

**Член 45**

(1) Приредувачот на томбола од затворен тип донесува правила на играта на среќа за приредување на томбола од затворен тип, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта на среќа томбола од затворен тип, приредувачот на играта на среќа е должен правилата на играта на среќа да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на играта.

**Член 46**

На лицата кои можат да бидат учесници во играта на среќа томбола од затворен тип и на правилата на играта на среќа соодветно се применуваат одредбите на членовите 30 ставовите (1) и (2) и 31 на овој закон.

### Член 47

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај играта на среќа томбола од затворен тип се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на извлекувањето.

### Член 48

(1) За приредување на играта на среќа томбола од затворен тип се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати од продажбата на томболските картички, врз месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## IV. ЕЛЕКТРОНСКИ ИГРИ НА СРЕКА

## 1. Услови и начин на приредување на електронските игри на среќа

### Член 49

Одредбите на членовите 26 и 29 на овој закон, соодветно се применуваат на електронските игри на среќа.

### Член 50

Лиценца за приредување на електронски игри на среќа може да добие трговско друштво кое има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

### Член 51

(1) Приредувачот на електронските игри на среќа за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на играта е должен да го надополни

износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот на играта е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

**Член 52**

(1) Учесници во електронските игри на среќа се физички лица кои ги исполнуваат условите за учество во овие игри во согласност со овој закон и со правилата за соодветната игра на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа.

(2) За учесник во електронските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на соодветна потврда за уплатата на влогот, се смета имателот на таквата потврда, ако податоците на потврдата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа.

(3) Учеството во електронските игри на среќа се остварува со уплата на влог за играта на среќа на благајна на приредувачот на играта или на друг начин пропишан со правилата на играта на среќа.

**Член 53**

(1) Правилата на електронските игри на среќа особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на играта на среќа;
2) име, опис и времетраење на играта на среќа;
3) услови за учество во играта на среќа;
4) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;
5) висината на влогот и крајниот рок за уплата за учество во играта на среќа;
6) видот и вкупната вредност на добивката;
7) опис на електронските потврди или другите видови на потврди за уплатата;
8) начин, постапка и контрола на електронското извлекување, односно утврдувањето на добивките;
9) начин на објавување на добивките, поединечна вредност на добивките и резултатите од играта на среќа;
10) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид и
11) постапка во случај на откажување на електронското извлекување.

(2) Правилата за електронските игри на среќа не можат да се менуваат по почетокот на уплатата на влоговите за одреденото коло или серија, освен во случај од членот 14 став (5) на овој закон.

### Член 54

(1) За приредување на електронските игри на среќа, приредувачот на игрите плаќа надоместок во износ од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата, месечно по терминал.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа најдоцна до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

## 2. Просторни и техничко-технолошки услови за приредување на електронските игри на среќа

### Член 55

(1) Електронските игри на среќа може да се приредуваат во посебно уредени простории.

(2) Правилата на електронските игри на среќа мора да бидат истакнати на видно место во играчницата.

(3) Приредувачот на електронските игри на среќа мора да обезбеди лична заштита на учесниците во електронските игри на среќа и посетителите.

(4) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат играчниците ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

### Член 56

(1) Лиценцата за приредување на електронски игри на среќа се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на електронските игри на среќа има право да ја промени деловната просторија во која се приредуваат електронските игри на среќа.

(3) Приредувачот на електронските игри на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии, на пропишан образец кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на електронски игри на среќа и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат електронски игри на среќа од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## V. ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА

### 1 .Услови и начин на приредување на посебните игри на среќа

### 1.1 Лиценца за приредување на игри на среќа во казино

**Член 57**

(1) Лиценца за приредување на игри на среќа во казино се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од членот 40 став (3) на овој закон е должно да достави и

1) доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино, издаден од надлежен орган и
2) доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати и маси во казиното се технички исправни.

**Член 58**

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

### Член 59

Приредувачот на игрите на среќа е должен без одлагање да го информира Министерството за финансии за промена на секој податок или околност кои се од влијание за работата на казиното, а особено за промената на:

1) членовите на органите на управување и надзор на трговското друштво приредувач на игрите на среќа;
2) лицата овластени за застапување и водење на работите на трговското друштво приредувач на игрите на среќа;
3) идентитетот на лицата кои учествуваат во основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа и
4) основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа.

### Член 60

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на игрите на среќа има право да ја промени деловната просторија во која се приредуват игрите на среќа во казино.

(3) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии, на пропишан образец кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат игри на среќа во казино од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

### Член 61

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република

Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен дневно во благајната на казиното да има депозит за ризик од најмалку 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија, кој служи за исплата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казино.

**Член 62**

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино донесува правила на игра за приредување на игри на среќа во казино и правилник на казиното, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта приредувачот на игрите на среќа во казино е должен правилата на играта и правилникот на казиното да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на играта.

## 1.2 Правила на игрите на среќа во казино и правилник на казиното

**Член 63**

(1) Правилата на игрите на среќа во казино особено содржат:

1) видови на посебните игри на среќа кои се приредуваат во казиното;
2) забрана за наведување и кредитирање на учесниците во играта;
3) правила за секој вид на игра која ќе се приредува, условите за учество во играта, висина на влогот во играта, цената на жетоните или кредитните поени во играта на автомати со опис на начинот на евидентирање во тотал-регистарот на автоматот и крајниот рок за наплата за учество во играта;
4) податоци за видот и бројот на автомати за игри со детални податоци за нивната идентификација и
5) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член за секој вид на игри на среќа во казиното мора да бидат во согласност со добрите деловни обичаи и меѓународните правила на игри на среќа во казино.

(3) На учесниците во игрите на среќа кои во текот на играта на среќа ќе ги прекршат правилата на играта, приредувачот на игрите на среќа во казино може да им забрани натамошно учество во игрите и присуство во казиното.

### Член 64

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да донесе правилник на казиното што се става на увид на посетителите преку огласна табла.

(2) Правилникот од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) организација на работата на казиното со распоред на просториите за работа на казиното;
2) услови за влез во казиното (доказ за идентитет и контрола на посетителите);
3) услови кога на одделни учесниците во игрите на среќа може да им се забрани пристап во казиното или учество во игрите на среќа;
4) работно време на казиното и
5) работи и задачи на вработените во казиното во врска со изведувањето на игрите на среќа.

### Член 65

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино може да ги приредува само оние игри на среќа во вид и обем утврдени со лиценцата.

(2) За промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино кој е предвиден со лиценцата, приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да поднесе барање до Министерството за финансии на пропишан образец.

(3) Доколку приредувачот на игрите на среќа во казино сака да го зголеми бројот на автоматите и масите во казиното, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови во деловната просторија за приредување на игри на среќа во казино и уверенија за техничка исправност на новопоставените автомати и маси издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(4) Доколку приредувачот на игрите на среќа во казино сака да го намали бројот на автоматите и масите во казиното, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува уверение за исклучување од употреба на автоматот или масата, издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(5) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на бројот на автоматите и масите во казиното во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## Член 66

(1) За приредување на игри на среќа во казино приредувачот на игрите на среќа во казино ги плаќа следните надоместоци:

1) за рулет маса приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 3.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по рулет маса и
2) за други маси во казиното приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 1.725 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по маса.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештаи за остварените приходи по видот на игрите.

(4) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да ги води податоците за дневните пресметки по автомат односно маса за игра на среќа.

(5) Податоците од евиденцијата со конечните месечни пресметки и копија од доказот за уплатата на надоместоците од ставот (1) на овој член од страна на приредувачот на игрите на среќа во казино се доставуваат до Министерството за финансии до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(6) За автоматите за игри на среќа поставени во казиното, соодветно се применуваат одредбите на членовите 89 и 94 од овој закон.

## Член 67

Вредноста на промотивните жетони во казиното не може да биде поголема од 2% од месечниот приход на казиното.

## Член 68

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај игрите на среќа во казино се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на остварувањето на добивката.

## Член 69

Казиното може со правилникот да пропише работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден.

### Член 70

(1) Казиното мора да има благајна и одвоен заштитен простор за чување на парите и другите вредности.

(2) Уплатите и исплатите кај игрите на среќа во казината се вршат во денари или во странска валута во согласност со прописите од областа на девизното работење.

(3) Во казиното мора да има менувачница, а може да има и простор за давање на угостителски услуги во кој се послужуваат храна и пијалоци.

(4) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди непрекинат аудио-видео надзор во казиното со снимање, така што да се осигура непрекинат и непосреден надзор.

(5) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен документацијата за непрекинато снимање да ја чува 15 дена или на барање на Управата за јавни приходи и подолго.

(6) Податоците од документацијата од ставот (5) на овој член претставуваат деловна тајна, а приредувачот на игрите на среќа во казино може да ги соопшти на други лица само во согласност со закон.

(7) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да ги надгледува учесниците во игрите на среќа и посетителите за да може играта да се одвива во согласност со одредбите на овој закон и правилата на играта.

(8) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди лична заштита на учесниците во игрите на среќа и посетителите.

(9) Казиното мора да има централен сметачки систем (сервер) за онлајн надзор кој овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи и кој мора посебно да обезбеди централно вмрежување на сите автомати на еден приредувач на игри на среќа во казино кој овозможува евентуална контрола на податоците од страна на Управата за јавни приходи, за сите приклучени автомати.

(10) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува казиното поблиску ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

### Член 71

(1) Униформирани лица можат да влегуваат во казиното само заради вршење на службените работи.

(2) Во казиното не е допуштено внесување на технички помагала соодветни за стекнување на предност во играта на среќа.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди надзор на влегувањето и излегувањето во казиното со евидентирање на посетителите и непрекинат аудио-видео надзор, односно контрола на рецепцијата, со снимање на влезот, односно излезот во казиното.

(4) Казиното може на одредени лица врз основа на проценка, привремено или трајно да им го забрани или да им го ограничи учеството во игрите на среќа во казиното.

### Член 72

(1) Вработените во казиното кои непосредно учествуваат во приредувањето на игрите на среќа мора да бидат стручно оспособени за работа во казино.

(2) Вработените во казиното не смеат да учествуваат во игрите на среќа како играчи во казиното во кое работат.

(3) Вработените во казиното мораат да ги чуваат како деловна тајна податоците до кои дошле при вршењето на својата работа.

## 2. Игри на среќа во обложувалница

## 2.1 Лиценци за приредување на игри на среќа во обложувалница

### Член 73

(1) Лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од членот 40 став (3) на овој закон е должно да достави и доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница издаден од надлежен орган.

### Член 74

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се однесува на приредување на игри на среќа обложување преку уплатно-исплатни места.

(4) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да ги промени деловните простории во кои се приредуваат игрите на среќа во обложувалница.

(5) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница кон барањето за промена на деловната просторија до Министерството за финансии на пропишан образец задолжително приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат игри на среќа во обложувалница од страна на приредувачот.

(6) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот за финасии.

### Член 75

Барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница е должен да има обезбедено компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери преку кои ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи.

### Член 76

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Со издавањето на лиценцата и уплатата на депозитот, односно банкарската гаранција во висина од ставот (1) на овој член приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да приредува игри на среќа во обложувалница во најмногу 25 уплатно-исплатни места.

(3) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да го зголеми бројот на уплатно-исплатните места со поднесување на барање до Министерството за финансии, кон кое го приложува доказот од членот 73 став (3) на овој закон, при што за секои следни десет уплатно-исплатни места приредувачот е должен да достави доказ за уплатен депозит, односно да приложи банкарска гаранција, во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавање на банкарската гаранција, кои служат за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон.

(4) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

### Член 77

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница донесува правила на игра за приредување на игри на среќа во обложувалница, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта на среќа приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен правилата на играта на среќа да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на игрите на среќа, односно на секое уплатно-исплатно место.

(3) Уплатите и исплатите за обложување се примаат, односно се исплаќаат на уплатно-исплатните места на приредувачот на игри на среќа во обложувалница.

(4) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен на видно место да истакне на секое уплатно-исплатно место ознака која ги содржи податоците за приредувачот, локацијата како и рокот на важноста на лиценцата.

## 2.2 Правила на игрите на среќа во обложувалница

### Член 78

Правилата за приредување на игри на среќа во обложувалница особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на игри на среќа во обложувалница;
2) име, опис и времетраење на играта на среќа;
3) услови за учество во играта на среќа;
4) висина на влогот и краен рок за уплата за учество во играта на среќа;
5) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;
6) вид и вкупна вредност на добивката;
7) начин, постапка и контрола на утврдување на добивките;
8) начин на објавување на резултатите од играта на среќа и
9) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добиките од друг вид.

### Член 79

(1) За приредување на игрите на среќа во обложувалница, приредувачот на игри на среќа во обложувалница плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

(3) Доказот за уплатата на посебната давачка од ставот (1) на овој член приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

### Член 80

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај игрите на среќа во обложувалница се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на остварувањето на добивката.

### Член 81

Се забранува приредување на обложување на територијата на Република Македонија:

1) кое е во спротивност со овој закон, добрите деловни обичаи и моралот и

2) кое се однесува на резултатите од избори за претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија, градоначалници и советници во Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**Член 82**

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да има централен пресметковен систем за надзор кој треба да се наоѓа на територијата на Република Македонија и кој мора да овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

(2) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да има софтвер кој ги задоволува сите технички услови за приредување на играта на среќа и архивирање на податоците во бази со невозможност за промена на податоците.

(3) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат уплатно-исплатните места на приредувачот на игри на среќа во обложувалница ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

**Член 83**

Обложувалницата може да утврди работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден.

**Член 84**

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница може да поднесе барање до Министерството за финансии на пропишан образец за отворање на нови уплатно-исплатни места.

(2) Кон барањето за отворање на ново уплатно-исплатно место приредувачот на игри на среќа во обложувалница доставува доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игрите на среќа во уплатно–исплатното место.

(3) Министерството за финансии со решение одлучува за давање на согласност на барањето за отварање на ново уплатно-исплатно место во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финасии.

**Член 85**

(1) Чувањето, регистрирањето и евидентирањето на податоците за примените уплати кај обложувањето се врши во централниот пресметковен систем.

(2) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да ги чува сите добитни тикети неоштетени, со сериски број најмалку три години.

## 3. Игри на среќа во автомат клуб

## 3.1 Лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клубови

### Член 86

(1) Лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од членот 40 став (3) на овој закон е должно да достави и:

1) доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб, издаден од надлежен орган и
2) доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни.

### Член 87

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

### Член 88

(1) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб има право да ја промени деловната просторија во која се приредуват игрите на среќа во автомат клуб.

(2) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии на пропишан образец кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат игри на среќа во автомат клуб од страна на приредувачот.

(3) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловна просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(4) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб има право да го зголеми бројот на деловните простории во кои се приредуват игрите на среќа во автомат клуб.

(5) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб поднесува барање за зголемување на бројот на деловните простории до Министерството за финансии, кон кое го приложува доказот од ставот (2) точка 1 на овој член.

(6) Министерството за финансии со решение одлучува за зголемувањето на бројот на деловните простории во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(7) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

### Член 89

Барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено компјутерски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи.

### Член 90

(1) Приредувачот на игрите на среќа во автомат клуб за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во автомат клуб, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и

посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

## 3.2 Правила на игрите на среќа во автомат клуб

### Член 91

(1) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб донесува правила на игра за приредување на игри на среќа во автомат клуб кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта на среќа приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен правилата на играта на среќа да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на играта на среќа.

### Член 92

(1) Правилата за игри на среќа во автомат клубот особено содржат:

1) видовите на игрите на среќа кои се приредуваат во автомат клубот;
2) условите за влез во автомат клубот (доказ за идентитетот и контрола на посетителите);
3) услови под кои на одделни учесници во игрите на среќа им е забранет влез во автомат клубот или учество во играта на среќа;
4) забрани за наведување и кредитирање на учесниците во играта на среќа;
5) работното време на автомат клубот;
6) правила за секој вид на игра на среќа која ќе се приредува, условите за учество во играта на среќа, висина на влогот во играта на среќа, цената на жетоните или кредитните поени во играта на среќа на автомати со опис на начинот на евидентирање во тотал-регистарот на автоматот и крајниот рок за наплата за учество во играта на среќа;
7) податоци за видот и бројот на автоматите за игри, со детални податоци за нивната идентификација и
8) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид.

(2) За секој вид на игри на среќа во автомат клубот се донесуваат посебни правила кои мора да бидат во согласност со добрите деловни обичаи и меѓународните правила на игри на среќа во автомат клуб.

(3) Учесниците во игрите на среќа кои во текот на играта на среќа ќе ги прекршат правилата на играта на среќа, приредувачот на игри на среќа во автомат клуб може да им забрани понатамошно учество во игрите на среќа и присуство во автомат клубот.

**Член 93**

(1) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб може да ги приредува само оние игри на среќа во обем и вид утврдени со лиценцата.

(2) За промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клубот кој е предвиден со лиценцата, приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен да поднесе барање до Министерството за финансии на пропишан образец.

(3) Доколку приредувачот на игри на среќа во автомат клуб сака да го зголеми бројот на автоматите во автомат клубот, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови во деловната просторија за приредување на игри на среќа на автомати и уверение за техничка исправност на новопоставените автомати издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(4) Доколку приредувачот на игри на среќа во автомат клуб сака да го намали бројот на автоматите во автомат клубот, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува уверение за исклучување од употреба на автоматот издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(5) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на бројот на автоматите во автомат клубот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 94**

(1) За приредување игри на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа во автомат клуб плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

(3) Доказот за уплатата на посебната давачка од ставот (1) на овој член приредувачот на игри на среќа во автомат клуб е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

### Член 95

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај игрите на среќа во автомат клуб се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на остварувањето на добивката.

### Член 96

(1) Автомат клубот мора да има благајна и сеф за чување пари и други вредности.

(2) Автомат клубот може да има простор за давање на угостителски услуги во кој се послужуваат храна и пијалоци.

(3) Автомат клубот може да утврди работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден.

(4) Приредувачот на игри на среќа во автомат клуб, може на лицата врз основа на процена, привремено да забрани или ограничи учество во игрите на среќа во автомат клубот.

(5) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува автомат клубот ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

### Член 97

(1) Автоматите за игри на среќа можат да бидат автомати за еден учесник во игрите на среќа и автомати на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа (електронски рулет).

(2) Автоматите за игри на среќа мораат да бидат програмирани така што вкупниот број програмски комбинации да им исплатуваат на учесниците во игрите на среќа најмалку 87% од вредноста на уплатите за учество во игрите на среќа.

(3) Одлуката за добивката или загубата се одредува со електронска програма по пат на генератор на случајни броеви.

(4) Генераторот на случајни броеви од ставот (3) на овој член мора да ги исполнува следниве услови:

1) случајниот број да е статистички и независен и
2) случајниот број да не може да биде предвиден.

# VI. ИНТЕРНЕТ ИГРИ НА СРЕЌА

## 1. Општи услови за приредување на интернет игри на среќа

### Член 98

(1) Интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца која ја издава Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

(2) Лиценците се издаваат за период од четири години.

(3) Барање за добивање на лиценца за приредување на интернет игри на среќа може да поднесе трговско друштво, кое е регистрирано во Република Македонија, кое има основна главнина од најмалку 40.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата и кое ги исполнува посебните услови пропишани со овој закон за оној вид на лиценца за интернет игри на среќа за кој се поднесува барањето.

## 2. Видови на лиценци и сертификат за интернет игри на среќа

### Член 99

(1) Владата на Република Македонија издава два вида лиценци за интернет игри на среќа и тоа:

1) лиценца за производител, сопственик или овластен корисник на интернет игри на среќа (во понатамошниот текст: лиценца за производител), односно производител, сопственик или овластен корисник на софтвер за приредување на интернет игри на среќа кој ги има правата врз софтверот кој се користи за приредување на игри на среќа, го овластува носителот на оваа лиценца да располага со софтверот, самиот да го користи за приредување на интернет игри на среќа по исполнување на другите услови на овој закон, односно да може да го изнајмува на приредувач на интернет игри на среќа и

2) лиценца за приредувач на интернет игри на среќа, односно субјект кој го прибавил користењето на софтверот за интернет игри на среќа, го овластува носителот на оваа лиценца на таа софтверска платформа да ги организира, менаџира и приредува игрите на среќа преку глобалната интернет мрежа кон учесниците во игрите на среќа.

(2) Владата на Република Македонија издава сертификат на хардверската и софтверската платформа која носителите на лиценцата за приредување на игри

на среќа ја користат за регистрирање на сите финансиски трансакции и други видови на податоци (хост).

**Член 100**

(1) Проверката на исполнувањето на стандардите и условите на опремата и функционалноста на софтверот за приредување на интернет игри на среќа од аспект на нивната сообразност со условите и стандардите ги вршат овластени правни лица.

(2) Министерството за финансии објавува листа на овластени правни лица кои можат да ја извршат проверката на исполнувањето на стандардите и условите на опремата, односно функционалноста на софтверот.

(3) Министерството за финансии може на листата на овластени правни лица да ги вклучи оние субјекти кои имаат опрема и знаење да ги извршат потребните проверки, како и доколку имаат седиште на територијата на Република Македонија, на територијата на државите членки на Европската унија, ОЕЦД и САД.

(4) Минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста на софтверот за приредување на интернет игри на среќа ги пропишува министерот за финансии.

## 3. Лиценца за производител

**Член 101**

(1) Лиценца за производител се издава на барател со цел истиот да може да произведува софтвер за приредување на интернет игри на среќа или на друг начин да се стекне со сопственост врз софтвер за приредување на интернет игри на среќа заради негова продажба или изнајмување на носители на лиценца за приредување на интернет игри на среќа, односно самиот да го користи како приредувач на интернет игри на среќа.

(2) Носителот на лиценцата за производител ги нема правата и обврските кои се стекнуваат врз основа на лиценцата за приредувач на игри на среќа, но истиот има право да поднесе барање за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа.

(3) Носителот на лиценцата за производител има одговорност за исправноста на софтверот кој го продава, односно го изнајмува заради приредување на игри на среќа и истиот е должен да обезбеди сообразност на софтверот кој го продава, односно изнајмува заради приредување на интернет игри на среќа со условите и стандардите кои ги пропишал министерот за финансии за функционалност на софтверот.

(4) Носителот на лиценцата за производител плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 25.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

**Член 102**

(1) Барателот на лиценца за производител покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

1) да има компјутерска и друга опрема, односно хардвер, според стандардите и условите пропишани од страна на министерот за финансии, а потврдени од страна на овластено правно лице;
2) да е сопственик, односно носител на правата на компјутерска програма, односно програми или софтвер кој има намера да го продава, односно изнајмува, а кој софтвер претставува програмска основа за интернет игрите на среќа и
3) компјутерската програма, односно програми кои служат за приредување на интернет игрите на среќа мора да бидат одобрени од страна на овластено правно лице дека ги исполнуваат условите и стандардите за функционалност пропишани од страна на министерот за финансии за овој вид на компјутерски програми.

(2) Кон барањето за издавање на лиценца за производител барателот доставува:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија;
2) акт за основање на трговското друштво;
3) доказ за правото на сопственост или правото на користење на просторот во кој се наоѓа седиштето на приредувачот на интернет игрите на среќа;
4) доказ дека основната главнина на трговското друштво во целост е уплатена;
5) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;
6) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година-од денот неговото основање до денот на поднесувањето на барањето;
7) изјава од приредувачот заверена на нотар дека порано не му била одземена лиценца или друг вид на дозвола или одобрение за приредување на игри на среќа во земјата или во странство;
8) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;
9) елаборат за кадровска опременост на барателот и
10) други докази и документи пропишани со овој закон.

## 4. Лиценца за приредувач на интернет игри на среќа

### Член 103

(1) Лиценца за приредување на интернет игри на среќа се издава на барател, со цел истиот да може да ги приредува сите видови на игри на среќа преку глобалната интернет мрежа.

(2) Носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа плаќа надоместок за издавање на лиценцата во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа плаќа посебна давачка во износ од 0,5% од вкупната вредност на уплатите, на месечна основа, до 15-ти во месецот за претходниот месец.

### Член 104

(1) Барателот на лиценца за приредувач на интернет игри на среќа покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

1) да поседува компјутерска и друга опрема, односно хардвер според стандардите и условите пропишани од страна на министерот за финансии, а потврдени од страна на овластено правно лице;
2) да има право да користи компјутерска програма, односно програми за приредување на интернет игри на среќа-софтвер, преку која учесниците во игрите на среќа учествуваат во игрите на среќа по пат на глобалната интернет мрежа, која програма е стекната од носител на лиценца за производител и
3) да обезбеди функционална компјутерска опрема (хардвер и софтвер) која овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи поради надзор и контрола над работењето.

(2) Кон барањето за издавање на лиценца за производител барателот доставува:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија;
2) акт за основање на трговското друштво;
3) доказ за правото на сопственост или правото на користење на просторот во кој се наоѓа седиштето на приредувачот на интернет игрите на среќа;
4) доказ дека основната главнина на трговското друштво во целост е уплатена;
5) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;
6) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот

на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година- од денот неговото основање до денот на поднесувањето на барањето;
7) изјава од приредувачот заверена на нотар дека порано не му била одземена лиценца или друг вид на дозвола или одобрение за приредување на игри на среќа во земјата или во странство;
8) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;
9) елаборат за кадровска опременост на барателот;
10) правила на игра, за секој поединечен вид на интернет игра на среќа и
11) други докази и документи пропишани со овој закон.

## 5.Сертификат за хардверска и софтверска платформа (Хост сертификат)

### Член 105

(1) Сертификат за хардверска и софтверска платформа (хост) се издава на правно лице регистрирано во Република Македонија или во странство доколку опремата е сместена во простории кои ги исполнуваат следните услови:

1) да ги исполнува соодветните стандарди пропишани од страна на меѓународната организација за стандардизација (ISO) и асоцијацијата за телекомуникациска индустрија (TIA);
2) да поседува хардверска опрема, напојување со електрична енергија и други услови кои ги пропишува министерот за финансии;
3) да има обезбедено сигурност и диверзитет на снабдување со интернет и телекомуникации;
4) да има обезбедено системи за заштита од пожари, поплави и други непогоди, согласно стандарди од видот на VESDA, FM200 и сл.;
5) да има пропишано процедури за подигнување на системот во случај на привремена нефункционалност;
6) да има утврдено политика на правното лице за обука на вработените и
7) други услови кои се однесуваат на безбедноста и сигурноста на услугите кои ги нуди носителот на сертификат.

(2) Условите за безбедноста и сигурноста на услугите од ставот (1) точка 7 на овој член поблиску ги пропишува министерот за финансии.

### Член 106

(1) Заради обезбедување на исплатата на добивките спрема учесниците во интернет игрите на среќа, измирување на надоместокот за приредување на интернет игри на среќа, како и даноците и другите јавни давачки, како и другите обврски, приредувачот на интернет игрите на среќа е должен за целиот период на важност на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа да има обезбедено банкарска гаранција на износ од 50.000 евра во денарска

противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на издавањето на банкарската гаранција, издадена од банка со седиште во Република Македонија.

(2) Доколку носителот на лиценца за приредување на интернет игри на среќа не ја достави до Министерството за финансии банкарската гаранција ставот (1) на овој член во рок од десет дена од денот на добивањето на лиценцата, Владата на Република Македонија ќе му забрани приредување на интернет игри на среќа и Министерството за финансии ќе започне постапка за одземање на лиценцата.

(3) Доколку во периодот на важност на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа се наплатат средства од банкарската гаранција, носителот на лиценцата е должен да ја обнови во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 48 часа.

### Член 107

Одговорните лица кај правното лице носител на лиценца за приредувач на интернет игри на среќа задолжително треба да имаат постојано живеалиште, односно престојувалиште на територијата на Република Македонија.

### Член 108

(1) Приредувачот на интернет игрите на среќа за секој поединечен вид на интернет игра на среќа задолжително утврдува правила на игра.

(2) Правилата на игрите се поднесуваат на согласност до Министерството за финансии, а можат да се применуваат по добивањето на согласноста.

(3) Приредувачот на интернет игрите на среќа не смее да ги менува правилата на игрите во текот на приредувањето на секоја поединечна игра.

(4) Секоја промена на правилата на игрите се доставува до Министерството за финансии, а може да се применува по нејзиното одобрување од страна на Министерството за финансии.

(5) Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен до Министерството за финансии да достави податоци за видот и висината на надоместокот кој го наплатува од учесниците во игрите на среќа за учество во игрите на среќа.

## 6. Доставување на финансиски информации

### Член 109

(1) Финансиското работење, трансакциите, односно уплатите на влоговите или учеството и исплатите на добивките кај интернет игрите на среќа се вршат исклучиво преку банки со седиште во Република Македонија.

(2) Трансакциите носителот на лиценца за приредување на интернет игри на среќа и резидент на Република Македонија се вршат во денари, додека трансакциите меѓу носителот на лиценца и нерезидент во странска валута се вршат согласно со прописите од областа на девизното работење.

### Член 110

(1) Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен во секое време, на барање на Управата за јавни приходи, како и на барање на Министерството за финансии да обезбеди информации за целокупното финансиско работење.

(2) Приредувачот на интернет игрите на среќа при секоја уплата и исплата должен е да ја провери и потврди регистрацијата на учесникот во игрите на среќа, да ја потврди играта на учесникот во игрите на среќа, безбедноста и интерните процедури во врска со учесникот во игрите на среќа и да обезбеди правилата кои се однесуваат на играта да се применуваат.

## 7. Контролен систем

### Член 111

(1) Барателот на лиценца за приредување на интернет игри на среќа до Министерството за финансии задолжително поднесува правила, процедури, постапки, мерки и протоколи, како и друга потребна документација за начинот на работа на носителот на лиценца, пристапот до информации, сигурноста на трансакциите и други мерки за правилна и законита работа на носителот на лиценца, заштитата на учесниците во системот на приредување на игри на среќа и слично (контролен систем).

(2) Контролниот систем на носителот на лиценца го одобрува Министерството за финансии и претставува услов за добивање на лиценца.

(3) Контролниот систем од ставот (1) на овој член задолжително содржи податоци особено за:

1) системот и постапките при водење на сметководството, како и детален приказ на сите сметки кои ги контролира носителот на лиценца;
2) административниот систем и постапки;

3) компјутерски програми кои се користат од страна на носителот на лиценцата;
4) стандарди и постапки за одржување, безбедност, чување и транспортирање на опрема или софтвер кој се користи за интернет игри на среќа;
5) постапки и протоколи за регистрирање на трансакциите при одвивање на интернет игрите на среќа и исплатата на добивките на регистрираните учесници во игрите на среќа;
6) овластените ревизори за ревизија на материјално-финансиското работење на носителот на лиценцата;
7) процедури за мониторинг на интернет игрите на среќа, како и контрола на нивната усогласеност со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон;
8) постапката при вработувањето на лица кои ќе имаат пристап до системот за приредување на интернет игрите на среќа;
9) податоци за начинот на кој ќе се обезбеди континуирана обука на вработените и
10) мерки кои се преземаат за заштита на системот од неовластен пристап како и процедури за заштита на системот од негова злоупотреба за перење на пари или финансирање на тероризам.

(4) Видовите на задолжителните правила, процедури, протоколи и другата документација кои се однесуваат на контролниот систем ги пропишува министерот за финансии.

## 8. Регистрација на учесниците во интернет игрите на среќа

### Член 112

(1) Во интернет игрите на среќа можат да учествуваат само учесници кои се регистрирани кај носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа.

(2) При регистрацијата, учесникот во игрите на среќа склучува договор за учество во интернет игрите на среќа кои ги приредува приредувачот на интернет игрите на среќа, преку интернет страницата на приредувачот, доколку ги прифаќа условите за учество, правилата на игра и другите договорни одредби кои ги пропишал приредувачот.

(3) Согласност на сообразноста на договорот со одредбите на овој закон, со подзаконските акти, актите на носителот на лиценцата и со правилата за играта дава Министерството за финансии.

### Член 113

(1) За регистрација, учесникот во интернет игрите на среќа задолжително ги доставува следниве податоци:

1) име и презиме;
2) адреса;
3) ден, месец и година на раѓање;
4) е-мејл адреса;
5) корисничко име;
6) лозинка и
7) податоци за трансакциска сметка и/или дебитните или кредитните картички преку кои ќе се вршат трансакциите со приредувачот на интернет игрите на среќа, сметките во сервисите за брз трансфер на пари или податоци за авторизираниот систем за финансиски трансфер на средства.

(2) Ако приредувачот на интернет игрите на среќа утврди дека регистрираниот учесник во игрите на среќа доставил лажни информации и покрај тоа што веќе е регистриран, приредувачот е должен веднаш да го исклучи како учесник и да ја поништи регистрацијата, а за тоа да го извести учесникот без одлагање.

(3) Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен да поседува точни податоци за сите регистрирани учесници во игрите на среќа.

(4) Секој учесник во игрите на среќа може да пријави само една сметка кај приредувачот на интернет игрите на среќа.

### Член 114

Приредувачот на интернет игрите на среќа има обврска да му ги стави на располагање на учесникот во игрите на среќа следниве информации:

1) сите правила кои се однесуваат на интернет игрите на среќа кои ги приредува и
2) трошоците за учество на учесникот во игрите на среќа кои носителот на лиценцата може да ги наплати.

## 9. Сметки на учесникот во игрите на среќа и исплата на добивки

### Член 115

(1) Носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа отвора и чува само една сметка на регистриран учесник во игрите на среќа.

(2) Носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа ги запишува на сметката отворена за регистриран учесник во игрите на среќа, средствата:

1) кои регистрираниот учесник во игрите на среќа ги уплатил на својата сметка и
2) кои регистрираниот учесник ги добил како учесник во интернет игрите на среќа.

(3) Приредувачот на интернет игрите на среќа не смее да вклучи учесник во интернет игрите на среќа доколку:

1) не е регистриран согласно со правилата за регистрација на учесниците во игрите на среќа;
2) нема доволно средства на сметката на регистриран учесник во игрите на среќа за покривање на висината на влогот; или
3) средствата потребни за покривање на висината на влогот не се обезбедени на законит начин.

(4) Се забранува уплата на средства во готово од страна на регистрираниот учесник во игрите на среќа спрема носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа.

(5) Уплатата на средства од страна на регистрираниот учесник во игрите на среќа спрема носителот на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа може да се врши само на еден од следните начини:

1) кредитни картички;
2) дебитни картички и
3) електронски трансфер.

(6) Приредувачот на интернет игрите на среќа не смее да му одобрува кредит на учесникот во игрите на среќа или на сметката на учесникот во игрите на среќа или пак да дејствува како посредник за лице кое обезбедува кредит за да го олесни обезбедувањето на кредитот за учесникот во игрите на среќа или за сметката на учесникот во игрите на среќа.

### Член 116

(1) Носителот на лиценца за приредување на интернет игри на среќа е должен да го провери идентитетот, возраста и местото на живеење на учесникот во игрите на среќа, односно да изврши други проверки доколку:

1) регистрираниот учесник во игрите на среќа на својата сметка уплати, односно исплати износ од 3.000 евра по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија или повеќе, уплатени во странска валута или во противвредност на денари и
2) регистрираниот учесник во игрите на среќа со поединачна уплата или серија на поврзани уплати на својата сметка, односно со поединечна исплата или серија на поврзани исплати од својата сметка во рок од пет дена направи трансакција во износ од 3.000 евра или повеќе, уплатени во странска валута или во противвредност на денари.

(2) Проверките од ставот (1) на овој член поблиску ги пропишува министерот за финансии.

**Член 117**

Приредувачот на интернет игрите на среќа е должен, на барање на регистриран учесник во игрите на среќа на чие име е формирана сметка кај приредувачот на интернет игрите на среќа, да ги уплати расположливите средства на учесникот во игрите на среќа на неговата трансакциска сметка, односно на кредитна или дебитна картичка, не подоцна од пет работни дена по примањето на барањето.

**Член 118**

Приредувачот на интернет игрите на среќа може да ги користи средствата на регистрираниот учесник во игрите на среќа уплатени на неговата сметка кај приредувачот само за:

1) уплата на влог направен од страна на регистириран учесник во игрите на среќа во текот на овластена игра во која учесникот во игрите на среќа учествува или влогот се бара за учесникот во игрите на среќа да може да земе учество;
2) исплата на расположливите средства на учесникот во игрите на среќа од неговата сметка кај приредувачот на неговата трансакциска сметка, односно кредитна или дебитна картичка, на барање на учесникот во игрите на среќа и
3) задржување на средства потребни за покривање на банкарските трошоци за направените трансфери по барање на регистрираниот учесник во игрите на среќа.

**Член 119**

Приредувачот на интернет игрите на среќа ги чува средствата на учесникот во интернет игрите на среќа одвоено од сопствените средства на посебна сметка за регистрирани учесници во игрите на среќа, во банка со седиште на територијата на Република Македонија.

## 10. Заштита на учесниците во интернет игрите на среќа

**Член 120**

(1) Приредувачот на интернет игрите на среќа постојано, на видно место, на влезниот екран на својата интернет страница ги објавува информациите кои предупредуваат на можностите од зависност од учество во игри на среќа, како и информации и линкови до други интернет страници кои им помагаат на зависници од игри на среќа.

(2) Приредувачот на интернет игрите на среќа ќе забрани учество на регистриран учесник во игрите на среќа доколку:

1) од фреквентноста на учеството на соодветниот регистриран учесник на игрите на среќа може да се претпостави дека станува збор за лице кај кое постои зависност од учество во игри на среќа и
2) доколку согласно со расположливите информации за финансиската состојба на регистрираниот учесник во игрите на среќа, како и од износот на средства кои учесникот во игрите на среќа ги загубил во поединечна трансакција или повеќе трансакции, приредувачот донесе заклучок дека таквиот начин на трошење може да предизвика загрозување на егзистенцијата на регистрираниот учесник во игрите на среќа и неговото семејство.

**Член 121**

(1) Регистриран учесник во интернет игрите на среќа може со писмено известување или со електронско известување до приредувачот на интернет игрите на среќа:

1) да определи лимит за сметката на која учесникот во игрите на среќа може да се обложи во утврден временски период;
2) да определи лимит за загубите кои може да ги направи учесникот во игрите на среќа во утврден временски период;
3) да определи лимит за тоа колку време учесникот во игрите на среќа може да учествува во интернет играта на среќа и
4) да побара да биде исклучен од игра за ограничен или неограничен временски период.

(2) Регистрираниот учесник во игрите на среќа кој постапил на еден од начините од ставот (1) на овој член може да ги отстрани ограничувањата со писмено или електронско известување кое го доставува до приредувачот на интернет игрите на среќа.

(3) Приредувачот на интернет игрите на среќа нема да дозволи учество на регистрираниот учесник во игрите на среќа спротивно на ограничувањата поставени од страна на самиот учесник во игрите на среќа, согласно со овој закон.

## 11. Прекинати и неуспешни игри

**Член 122**

(1) Приредувачот на интернет игрите на среќа ги презема сите дејствија кои се неопходно потребни да спречи настанување на какви било прекини во одвивање на интернет игрите на среќа.

(2) Доколку настапи прекин на играта на среќа, приредувачот на интернет игрите на среќа е должен да му овозможи на учесникот во игрите на среќа кој учествувал

во играта да ја продолжи и заврши играта којашто е прекината веднаш по отстранување на причините поради кои настанал прекинот.

(3) Доколку приредувачот на интернет игрите на среќа не може да му овозможи на учесникот во игрите на среќа да ја продолжи и заврши започнатата игра согласно со ставот (2) на овој член само како резултат на објективни причини кои биле надвор од контролата на приредувачот, истиот има обврска да го надомести износот на влогот на сметката на учесникот во игрите на среќа со кој учествувал во прекинатата игра на среќа.

(4) Доколку Министерството за финансии утврди дека прекинот настанал како резултат на околности над кои приредувачот на интернет игрите на среќа имал контрола, односно прекинот настанал како резултат на волево дејствие на приредувачот, Министерството за финансии ќе започне постапка за одземање на лиценцата за приредување на интернет игри на среќа.

## 12. Интернет страница на приредувачот на интернет игрите на среќа

**Член 123**

(1) Приредувачот на интернет игрите на среќа задолжително поседува интернет страница, чија домашна страна ги содржи следните информации:

1) назив на фирмата на приредувачот на интернет игрите на среќа;
2) адресата на седиштето на приредувачот на интернет игрите на среќа;
3) бројот и датумот на издавањето на лиценцата;
4) хиперлинковите до правилата на игрите и постапката за регистрација на учесниците во игрите на среќа;
5) линк до интернет страницата на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи и
6) сите информации кои Министерството за финансии може да ги смета за потребни и корисни.

(2) Министерството за финансии може да побара информациите од ставот (1) на овој член да бидат прикажани во посебен формат.

(3) Интернет страницата на носителот на лиценцата не смее да има експлицитни сексуални содржини или содржини кои упатуваат или прикажуваат насилство.

## 13. Рекламирање

### Член 124

Се забранува рекламирање или учество во рекламирање на било кој начин:

1) со кое интернет игрите на среќа се промовираат како начин за социјално прифаќање, за постигнување на личен или финансиски успех или пак за решавање на какви било економски, социјални или лични проблеми;
2) со кое се упатуваат препораки од познати личности кои сугерираат дека интернет игрите на среќа дале придонес за нивниот успех;
3) кое е посебно насочено кон поттикнување на малолетни лица да се вклучат во интернет игри на среќа и
4) со кое се надминуваат границите на пристојност.

## VII. НАГРАДНИ ИГРИ

### Член 125

(1) Барање за добивање на дозвола за приредување на наградна игра се поднесува до Министерството за финансии на пропишан образец.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член задолжително се доставува:

1) документ за регистрација на трговското друштво, односно трговските друштва издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) правила на наградната игра;
3) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
4) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво, односно трговските друштва не им е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
6) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган и
7) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година- од денот неговото основање до денот на поднесувањето на барањето.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна во рок од 15 дена пред денот кој од страна на подносителот на барањето е определен како ден на почеток на приредувањето на наградната игра.

(4) Министерството за финансии одлучува по поднесеното барање во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 126**

(1) Правилата на наградната игра особено содржат:

1) назив и седиште на трговското друштво, односно трговските друштва;
2) назначување на производите и услугите заради чие рекламирање се приредува наградната игра;
3) име, опис и времетраење на наградната игра;
4) опис и содржина на потврдата врз чија основа се стекнува право на учество во наградната игра;
5) територија на која се приредува наградната игра, односно на која се врши уплатата за учество во наградната игра;
6) податоци за наградите во наградната игра;
7) поединечна вредност на секоја награда од фондот на награди и вкупна вредност на фондот на награди, искажани во денари;
8) услови за учество во наградната игра;
9) текот на постапката на приредувањето, односно спроведувањето на наградната игра;
10) место, време, начин, постапка и контрола на извлекувањето на наградите, односно на определувањето на добивките и добитниците;
11) начин на објавување на резултатите, односно добитниците на наградите;
12) начин на исплатата, односно остварување на добивката;
13) рок во кој се врши исплатата, односно остварување на добивката;
14) начин на запознавање на учесниците во наградната играта со правилата на играта;
15) рок во кој незадоволниот учесник во наградната игра има право да поднесе приговор против приредувачот на наградната игра и
16) забрана за учество во наградната игра на вработените кај приредувачот на наградната игра, како и членовите на нивните потесни семејства.

(2) Правилата на наградната игра ги пропишува приредувачот на наградната игра, а се применуваат по добиената согласност која ја дава Министерството за финансии.

### Член 127

(1) Времетраењето на приредувањето на наградната игра не може да биде подолго од една година.

(2) Приредувачот на наградната игра е должен јавно да ги објави резултатите, односно добитниците на наградите во рок од три дена од денот на извлекувањето на наградите, односно од денот на определувањето на добивките и добитниците во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на која се приредува наградната игра или на друг начин да ги направи достапни за учесниците во играта.

(3) Приредувачот кој добил дозвола за приредување на наградната игра е должен пред отпочнување на наградната игра да ги објави правилата на наградната игра во најмалку еден дневен весник достапен на територијата на која се приредува наградната игра или на друг начин ги направи достапни за потенцијалните учесници во играта.

(4) Одредбите на овој закон кои се однесуваат на интернет игрите на среќа не се применуваат на наградните игри.

### Член 128

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки од наградните игри се врши во рок одреден со правилата на играта кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на објавувањето на резултатите, односно добитниците на наградите.

### Член 129

(1) Приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите.

(2) Доколку како приредувачи на наградната игра се јавуваат повеќе трговски друштва заедно, надоместокот од ставот (1) на овој член како обврска се дели на приредувачите во еднаков износ, доколку помеѓу приредувачите на наградната игра поинаку не е договорено.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член, приредувачот односно приредувачите на наградната игра се должни да го платат пред почетокот на наградната игра, а во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

(4) Доколку подносителот односно подносителите постапат спротивно на ставот (3) на овој член, дозволата се одзема.

## VIII. ИНТЕРАКТИВНИ ИГРИ НА СРЕЌА

### Член 130

(1) Барање за добивање на дозвола за приредување на интерактивни игри на среќа се доставува до Министерството за финансии на пропишан образец.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член задолжително се доставува:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) правила на играта на среќа;
3) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;
4) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;
5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;
6) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган и
7) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година- од денот на неговото основање до денот на поднесувањето на барањето.

(3) Министерството за финансии одлучува по поднесеното барање во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(4) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

### Член 131

(1) Дозволата за приредување на интерактивни игри на среќа се издава за временски период до една година.

(2) Приредувачот на интерактивните игри на среќа плаќа посебна давачка од 18 % од вкупниот фонд на награди.

(3) Посебната давачка од ставот (2) на овој член, приредувачот е должен да ја плати пред почетокот на интерактивната игра на среќа, а во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

(4) Доколку подносителот постапи спротивно на ставот (3) на овој член, дозволата се одзема.

### Член 132

(1) Правилата за интерактивните игри на среќа особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на интерактивните игри на среќа;
2) име, опис и времетраење на играта на среќа;
3) услови за учество во играта на среќа;
4) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;
5) висина на влогот, односно поединечната цена на телефонската такса или било која друга форма на влог, како и крајниот рок за уплата на влогот за учество во играта на среќа;
6) податоци за добивките;
7) вид и начин на определување на вкупната вредност на добивката;
8) начин и постапка на постигнување на добивка;
9) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно за остварување на добивките од друг вид;
10) рок во кој незадоволниот учесник во играта на среќа има право да поднесе приговор против приредувачот на играта на среќа;
11) забрана за учество во играта на среќа на вработените кај приредувачот на играта на среќа, како и членовите на нивните потесни семејства и
12) постапка во случај на откажување на играта каде што преку одговарање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини се постигнуваат добивки.

(2) Правилата за интерактивни игри на среќа не можат да се менуваат по почетокот на уплатата за одредена емисија, освен во случај од членот 14 став (5) на овој закон.

(3) Одредбите на овој закон кои се однесуваат на интернет игрите на среќа не се применуваат на интерактивните игри на среќа.

### Член 133

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки од интерактивните игри на среќа се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на објавувањето на резултатите, односно добитниците на наградите.

## IX. ЗАБАВНИ ИГРИ

### Член 134

(1) Барањето за добивање на дозвола за приредување на забавни игри се доставува до Министерството за финансии на пропишан образец.

(2) Доколку барањето од ставот (1) на овој член го поднесува трговец-поединец, кон барањето задолжително се доставува:

1) документ за регистрација на трговецот-поединец издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;
3) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година- од денот на неговото основање до денот на поднесувањето на барањето;
4) доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на забавни игри;
5) податоци за бројот и видот на апаратите за забавни игри на кои ќе се приредуваат забавни игри и
6) упатство за начинот на ставање на апаратот за забавни игри во функција, опис на забавните игри и местото каде што се поставуваат апаратите.

(3) Доколку барањето од ставот (1) на овој член го поднесува трговско друштво, покрај документите од ставот (2) точки 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член, кон барањето задолжително се доставува и:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на забавни игри;
3) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на забавни игри и
4) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на забавни игри.

(4) Министерството за финансии одлучува по поднесеното барање во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## Член 135

(1) Дозволата за приредување на забавни игри се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на забавни игри има право да ја промени деловната просторија во која се приредуваат забавни игри.

(3) Приредувачот на забавни игри поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии на пропишан образец, кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на забавни игри и
2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат забавни игри од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 136**

(1) Дозволата за приредување на забавни игри се издава за период од десет години.

(2) За издавање на дозволата од ставот (1) на овој член се плаќа еднократен надоместок во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од 15 дена од денот на приемот на дозволата.

(3) За приредување на забавни игри приредувачот на забавни игри плаќа надоместок во месечен износ од десет евра по апарат, во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(4) Надоместокот од ставот (3) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(5) Доколку подносителот постапи спротивно на ставовите (2) и (4) на овој член, дозволата се одзема.

**Член 137**

(1) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува забавниот клуб ги пропишува министерот за финансии со актот од член 21 став (1) на овој закон.
(2) Во забавен клуб се забранува приредување на игри на среќа на автомати.

## X. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА

## НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

### Член 138

(1) Автоматите за игри на среќа при пуштањето во употреба мораат да бидат технички исправни.

(2) Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа го врши правно лице овластено од министерот за финансии.

(3) Овластувањето од ставот (2) на овој член се издава за период од три години.

(4) Овластувањето од ставот (2) на овој член може да му се издаде на правно лице со седиште во Република Македонија, кое ги исполнува следните услови:

1) да има вработено соодветен број на вработени со соодветна стручна квалификација потребна за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;
2) да располага со соодветна опрема за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;
3) да не приредува игри на среќа или забавни игри и
4) да не произведува, да не поправа и да не изнајмува автомати за игри на среќа.

(5) Потребниот број на вработени, стручната квалификација и опремата од ставот (4) точки 1 и 2 на овој член за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа кои треба да ги поседува правното лице, поблиску ги пропишува министерот за финансии.

### Член 139

(1) За издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, Министерството за финансии објавува јавен повик, кој трае 15 дена од денот на неговото објавување.

(2) Јавниот повик за прибирање на понуди за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и во најмалку два дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија, од кои најмалку во еден дневен весник кој се издава на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

(3) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) податоци за потребниот број на вработени кај правното лице и нивната стручна квалификација потребни за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;
2) податоци за опремата за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа која правното лице треба да ја поседува;
3) рок, адреса и начин на доставување на понудите, време и час на јавното отворање на понудите и
4) документацијата со која се докажува исполнувањето на условите утврдени со членот 138 став (4) на овој закон и доказите од членот 141 на овој закон.

(4) Документацијата од ставот (3) точка 4 на овој член, заедно со финансиска понуда за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се доставува до Министерството за финансии во затворен плик со назнака „Не отворај“ и со назначување на бројот на јавниот повик.

(5) Понудите со потребната документација се доставуваат преку препорачана пратка или лично во писарницата на Министерството за финансии.

(6) Министерството за финансии го објавува јавниот повик од ставот (1) на овој член и ја спроведува постапката на избор на лицето од членот 138 став (2) на овој закон и министерот за финансии го издава овластувањето во текот на последните шест месеци пред истекот на рокот на важењето на претходно издаденото овластување.

**Член 140**

(1) Финансиската понуда од членот 139 став (4) на овој закон се состои од податоци за цената на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа.

(2) Овластувањето за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа ќе го добие правното лице кое ги исполнува условите од членот 138 став (4) на овој закон, ги доставило документите од членот 141 на овој закон и доставило финансиска понуда со најниска цена на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа.

## Член 141

Кон понудата за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, правното лице-понудувач задолжително треба да достави:

1) документ за регистрација на правното лице издаден од Централниот Регистар на Република Македонија;
2) потврда дека правното лице нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред објавувањето на јавниот повик, а ако лицето не е постаро од шест месеци-од денот на неговото основање;
3) потврда дека против правното лице не е поведена постапка за ликвидација и не е отворена стечајна постапка;
4) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;
5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;
6) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дека на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и
7) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност.

## Член 142

Понудите кои не ја содржат документацијата пропишана со членот 141 на овој закон или не се доставени во согласност со членот 139 ставови (4) и (5) на овој закон, нема да се разгледуваат.

## Член 143

(1) За спроведување на постапката за отворање и евалуација на понудите за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа министерот за финансии формира Комисија.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член се состои од тројца членови и нивни заменици, вработени во Министерството за финансии.
(3) За спроведената постапка, отворањето на понудите и извршената евалуација Комисијата изготвува извештај во рок од осум дена од денот на отворањето на понудите.

(4) Извештајот од ставот (3) на овој член, заедно со предлогот за избор на најповолен понудувач за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, Комисијата го доставува до министерот за финансии.

(5) Врз основа на извештајот и предлогот од ставот (4) на овој член, министерот во рок од осум дена од денот на доставувањето донесува решение за избор на најповолен понудувач за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и го издава овластувањето во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за изборот.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член, незадоволниот понудувач може да поведе управен спор пред надлежен суд.

**Член 144**

(1) Правното лице овластено за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа е должно да ги исполнува условите од членот 138 став (4) на овој закон во текот на целиот период на важност на овластувањето.

(2) Правното лице овластено за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа е должно да се придржува кон цените на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа, содржани во финансиската понуда доставена од правното лице во текот на постапката на јавниот повик од членот 139 став (1) на овој закон.

(3) Доколку од страна на Управата за јавни приходи биде утврдено постапување спротивно на ставовите (1) и (2) на овој член, за констатираната неправилност веднаш го известува Министерството за финансии, кое веднаш ќе донесе решение за одземање на овластувањето за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа од правното лице и во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението ќе објави нов јавен повик за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа.

(4) Правното лице на кое му е доставено решение од ставот (3) на овој член ќе продолжи да врши утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, под постојана контрола од страна на Управата за јавни приходи до издавање на ново овластување од страна на министерот за финансии.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член, правното лице може да поведе управен спор пред надлежен суд.

**Член 145**

(1) За техничката исправност на автоматите за игри на среќа овластеното правно лице од членот 138 став (2) на овој закон издава уверение за техничка исправност на автоматот.

(2) По барање на приредувачот на играта на среќа, овластеното правно лице е должно да пристапи кон утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа во рок од три работни дена од денот на поднесеното барање од страна на приредувачот на играта на среќа и доколку утврди дека соодветниот

автомат за игри на среќа е технички исправен, да го издаде уверението од ставот (1) на овој член во рок од три работни дена од денот на утврдувањето на техничката исправност.

(3) Начинот на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и формата и содржината на уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа ги пропишува министерот за финансии.

### Член 146

(1) Технички исправните автомати за игри на среќа задолжително се жигосуваат.

(2) Формата и содржината на жигот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

### Член 147

(1) Автоматите за игри на среќа кои се технички исправни и имаат жиг, можат да бидат ставени во употреба ако имаат плочки за означување и регистрација, кои ги издава овластеното лице од членот 138 став (2) на овој закон.

(2) Плочки за означување и регистрација имаат и масите за игри со топчиња, коцки или карти што се во употреба.

(3) Евиденција на издадените плочки за означување и регистрација води овластеното лице од членот 138 став (2) на овој закон.

(4) Начинот на водење на евиденцијата од ставот (3) на овој член, формата и содржината на плочката за означување и регистрација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## XI. ОСТВАРУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ДОБИВКИТЕ

### Член 148

(1) Остварувањето на добивките од игрите на среќа согласно со овој закон се врши со приложување на важечка исправа за идентификација на добитникот.

(2) Приредувачот на игрите на среќа е должен при остварувањето на добивката од игрите на среќа на добитникот да му издаде потврда за добивката, која ја потпишуваат приредувачот на игрите на среќа и добитникот, односно од нив овластени лица.

## Член 149

(1) Приредувачот на игрите на среќа согласно со овој закон е должен да води евиденција за остварените добивки во играта на среќа кои поединечно го надминуваат износот од 10.000 денари и за нивните добитници.

(2) Формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

## Член 149-а

(1) Доколку согласно членовите 125 став (4),130 став (3) и 134 став (4) на овој закон, Министерството за финансии не ја издаде дозволата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола во пропишаниот рок од осум дена од денот на поднесуваето на барањето, барателот има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до министерот за финансии со кое ќе побара добивање на дозволата. Барањето се поднесува до писарницата на министерот за финансии. Доколку министерот за финансии нема писарница, барањето се поднесува во писарницата во седиштето на Министерството за финансии.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(3) Министерот за финансии е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да ја издаде дозволата, односно да донесе решение за одбивање на барањето за добивање на дозволата.

(4) Кон барањето од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето поднесува копија од барањето од членовите 125 став (1), 130 став (1), односно 134 став (1) на овој закон.

(5) Доколку министерот за финасии не ја издаде дозволата, односно не донесе решение за одбивање на барањето за добивање на дозвола во рок од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во Министерството за финансии, дали е спроведена постапка по поднесеното барање за добивање на дозволата согласно со закон и во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон, донесува решение со кое го задолжува министерот за финансии во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за превземените мерки во истиот рок да го

извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку министерот за финансии не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за финансии ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(9) Доколку министерот за финансии не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во истиот рок ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член и согласно ставовите (6) и (7) на овој член, подноситеклот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата а директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата со седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (6) на овој член и/или не поднесе пријава согласно ставот (9) на овој член, Директорот на државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за финансии дали е спроведена постапка согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш,а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го превеме надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот за финансии не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) Подзаконските акти од ставот (2) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(19) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член, истиот се објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа на интернет страницата на Министерството за финансии.

**Член 149-б**

(1) Доколку согласно со членовите 28 став (4), 42 став (4), 60 став (4), 65 став (5) 74 став (6) 84 став (3) 88 ставови (3) и (6) 93 став (5) и 135 став (4) на овој закон Министерството за финансии не го донесе решението, односно не го одбие барањето за донесување на решение во пропишаниот рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето, барателот има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до министерот за финансии со кое ќе побара донесување на решението. Барањето се поднесува до писарницата на министерот за финансии. Доколку министерот за финансии нема писарница, барањето се поднесува во писарницата во седиштето на Министерството за финансии.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

(3) Министерот за финансии е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да го донесе решение, односно да го одбие барањето за донесување на решението.

(4) Кон барањето од ставот (1) на овој чен, подносителот на барањето поднесува копија од барањето на членовите 28 став (2),42 став (3),56 став (3), 60 став (3), 65 став (2), 74 став (5), 84 став (1), 88 став (2), или (5), 93 став (2), односно 135 став (3) на овој закон.

(5) Доколку министерот за финансии не го донесе решението, односно не го одбие барањето за донесување на решението во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Министерството за финансии, дали е спроведена постапка по поднесено барање за донесување на решението согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на известувањето за превземените мерки.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат согласно со закон, доколку утврди повреда на правилата на постапката донесува решение со кое го задолжува министерот за финансии во рок од десет работни дена да го уважи поднесеното барање за донесување на решение, односно да донесе решение за одбивање на барањето за донесување на решението и во истиот рок да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот за финансии не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот за финансии ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(9) Доколку министерот за финансии не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во истиот рок ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член и согласно ставовите (6) и (7), подносителот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата во седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и согласно ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за финансии, дали е спроведена постапка согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за превземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) од овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот за финансии не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

(18) По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член истиот се објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа на интернет страницата на Министерството за финасии.

**Член 149-в**

Во случаите кога е поднесеното барање за издавање на лиценца согласно одредбите на овој закон, Министерството за финансии по приемот на барањето и доказите согласно со овој закон доставува информација до Владата на Република Македонија за донесување на лиценцата, односно донесување на одлука со која се одбива барањето за издавање на лиценца.

Министерството за финансии, по доставувањето на информацијата до Владата на Република Македонија од ставот (1) на овој член, е должно да го информира подносителот на барањето за издавање на лиценца веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена.

Во однос на изготвувањето и доставувањето на известувањето на Министерството за финансии до подносителот на барањето за издавање на лиценца, соодветно се применуваат одредбите од членовите 129-а и 129-б на овој закон.

## XII. НАДЗОР

### Член 150

(1) Надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Управата за јавни приходи.

(2) Инспекцискиот надзор го вршат овластени службени лица на Управата за јавни приходи.

### Член 151

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, овластеното службено лице на Управата за јавни приходи особено врши надзор:

1) над приредувањето на игрите на среќа, дали игрите на среќа се приредуваат во согласност со закон, во согласност со издадената лиценца, односно дозвола и во согласност со правилата на игрите на среќа;
2) на исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игрите на среќа и забавните игри;
3) на автоматите за игри на среќа во однос на нивниот број, техничката исправност и жигот и проверка на плочките за означување и регистрација на автоматите за игри на среќа и масите на кои се приредуваат игрите на среќа;
4) на водењето на деловните книги и другата документација поврзана со приредувањето на игрите на среќа и забавните игри;
5) над плаќањето на надоместоците за добивање на лиценца односно дозвола, надоместоците, посебните надоместоци и посебните давачки утврдени со овој закон, како и над плаќањето на даноците и другите јавни давачки утврдени со закон, од страна на приредувачите на игри на среќа и забавни игри;
6) над депонираниот банкарски депозит, односно банкарската гаранција;
7) на лозовите, томболските картички и тикетите;
8) над приредувањето на игрите на среќа и забавните игри во случај на одземање, прекин и откажување на лиценцата, односно дозволата;
9) на достапноста на правилата за приредување на игрите на среќа на учесниците во игрите на среќа;
10) на продажните места на лозовите, томболските картички, тикетите и терминалите;
11) на посетата на лицата во просториите каде што се приредуваат посебни игри на среќа;
12) на учеството во игрите на среќа на лицата на кои со овој закон тоа им е забрането;
13) над приредувањето на забавни игри;
14) на работното време на просториите во кои се приредуваат игри на среќа и забавни игри;
15) на објавувањето, исплатата и подигањето на добивките на добитниците во игрите на среќа;
16) врз неповредливоста на тајноста на податоците согласно со закон,

17) над исполнувањето на условите од членот 138 став (4) на овој закон и обврската на овластеното лице за придржување кон цените на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и
18) врши други работи заради надзор над приредувањето на игрите на среќа и забавните игри согласно со овој закон.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор овластените службени лица изготвуваат записник.

(3) Врз основа на записникот од ставот (2) на овој член овластеното службено лице со решение ќе му нареди на приредувачот на играта на среќа да ги отстрани утврдените неправилности во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисија при Министерството за финансии составена од тројца членови кои ги именува министерот за финансии, од кои најмалку еден член е од редот на раководните државни службеници вработени во Министерството за финансии.

(5) Ако во постапката на надзор од страна на овластеното службено лице на Управата за јавни приходи се утврдат повреди на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон кои претставуваат основ за одземање на лиценцата односно дозволата, Управата за јавни приходи за тоа веднаш го известува Министерството за финансии кое ќе поведе постапка за одземање на лиценцата, односно дозволата.

(6) Ако во постапката на надзор од страна на овластеното службено лице на Управата за јавни приходи се утврди дека игрите на среќа или забавните игри се вршат без издадена лиценца, односно дозвола или спротивно на издадената лиценца, односно дозвола, спротивно на правилата на играта на среќа или се утврди дека дошло до измена на условите пропишани со овој закон за приредување на игрите на среќа, односно забавните игри, овластеното службено лице времено го забранува приредувањето на игрите на среќа, односно забавните игри и врши запечатување на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа, односно забавните игри.

**Член 152**

(1) Управата за јавни приходи може во секое време и без претходна најава да изврши надзор над работата на носителите на лиценца, однодно дозвола за приредување на игри на среќа или забавни игри, со цел утврдување на законитото и правилното работење од страна на носителите на лиценцата, односно дозволата.

(2) Приредувачите на игри на среќа и забавни игри се должни секојдневно да овозможуваат непосредно или посредно вршење на надзор од страна на надлежните органи.

**Член 153**

Доколку овластените службени лица при вршењето на надзорот утврдат постоење на основано сомневање дека е сторено кривично дело, се должни да поднесат пријава до надлежниот орган.

**Член 154**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, овластеното службено лице утврди дека по прв пат е сторен прекршок од членовите 157 став (1) точка 14 и 158 на овој закон, овластеното службено лице е должно да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на сторената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведуање на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата -ги пропишува министерот за финансии.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Управата за јавни приходи, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку овластеното службено лице при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку овластеното службено лице при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, за констатираниот прекршок на сторителот на прекршокот му предлага постапка за порамнување.

(9) Управата за јавни приходи, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за финансии.

**Член 155**

Управата за јавни приходи за бројот на извршените контроли од страна на овластените службени лица е должна на својата интернет страница да објавува квартални извештаи.

## XIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Кривично дело приредување на игри на среќа без лиценца односно дозвола од надлежен орган

#### Член 156

(1) Правното лице што организира и приредува игри на среќа во посебно уредени простории за таа намена, без лиценца односно дозвола од надлежен орган, ќе се казни со парична казна во износ од 20 милиони денари.

(2) За делото од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со казна затвор од најмалку три години.

(3) Средствата за организирање и приредување на игрите на среќа од овој член, како и затечените пари на сторителите ќе се одземат.

## XIV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

#### Член 157

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице, за прекршок, ако:

1) ја пренесе лиценцата односно дозволата на друго трговско друштво, односно друг трговец-поединец (член 7 став (4));

2) ја прекине или откаже играта на среќа за која добил лиценца, спротивно на членот 8 ставови (5) и (8) на овој закон;

3) не го запази рокот во кој мора и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа за кои добил лиценца (член 8 став (7));

4) приредува забавни игри, наградни игри или интерактивни игри на среќа без дозвола од надлежен орган (член 9 став (1));

5) не го запази рокот во кој мора и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа за кои добил дозвола (член 9 став (7));

6) ги прекине или откаже игрите од членот 9 став (1) на овој закон, спротивно на членот 9 ставови (5) и (8);

7) започнатата игра на среќа односно започнатото коло не го заврши до крајот според истите правила односно правилник (член 14 став (4));

8) продава, рекламира или на секој друг начин претставува странски лозови, томболски картички, ливчиња, тикети, електронски картички и слично на територијата на Република Македонија (член 19 точка 2);

9) приредува игра на среќа која не е регулирана со овој закон, а која дава можност за стекнување на добивка (член 19 точка 4);

10) приредува игри на среќа или забавни игри во простории кои не ги исполнуваат просторните и техничко-технолошките услови пропишани од министерот за финансии (член 21 став (1));

11) во рок од 30 дена по завршувањето на играта на среќа непродадените лозови и томболски картички не ги предаде во Управата за јавни приходи (член 22 став (3));

12) приредува посебни игри на среќа а не води книга на благајна или не води книга на благајна на пропишаниот начин или книгата на благајна не ја чува најмалку десет години (член 23);

13) во рокот пропишан со овој закон не достави ревизорски извештај до Министерството за финансии за извршената ревизија од страна на овластен ревизор (член 24);

14) постапи спротивно на член 32 од овој закон или не ги истакне на видно место правилата на игрите на среќа, односно правилникот на казиното (членови 45 став (2), 55 став (2), 62 став (2), 77 став (2), 91 став (2) и 127 став (3));

15) исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки не го изврши во рок од 60 дена од денот на објавувањето на извештајот за резултатите од играта (членови 38 став (1), 47, 68, 80, 95 и 128);

16) приредувачот ја промени деловната просторија во која се приредува играта на среќа без решение од Министерството за финансии (членови 42 став (2), 60 ставови (3) и (4), 88 ставови (2) и (3) и 135 ставови (3) и (4)) или го зголеми бројот на деловните простории во кои се приредуваат игри на среќа во автомат клуб без решение од Министерството за финансии (член 88 ставови (5) и (6)) или приредува обложување преку уплатно-исплатно место без решение од Министерството за финансии;

17) при намалување на депозитот под износот пропишан со овој закон или при активирање на банкарската гаранција не го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон во рок од 48 часа (членови 44 став (2), 51 став (2), 61 став (2), 76 став (4) и 90 став (2));

18) постапи спротивно на член 59 од овој закон;

19) приредувачот на игри на среќа во казино и автомат клуб еднаш месечно до Министерството за финансии не поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите или не достави доказ за уплата на посебната давачка (членови 66 став (3) и 94 став (3));

20) постапи спротивно на членот 70 став (4) на овој закон;

21) приредува обложување на територијата на Република Македонија кое се однесува на резултатите од избори на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија, градоначалници и советници во Советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје (член 81 точка (2));

22) постапи спротивно на член 127 став (2) од овој закон;

23) приредува игри на среќа на автомати во забавен клуб (член 137 став (2)) и

24) стави во употреба технички неисправни автомати за игри на среќа (член 138 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице покрај глобата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од шест месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице покрај глобата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече и забрана за вршење на професија дејност или должност во траење од една до три години.

**Член 158**

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице, за прекршок, ако:

1) учествува во странски игри на среќа, во кои влоговите се уплаќаат на територијата на Република Македонија (член 19 точка 1);
2) учествува во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола (член 19 точка 5);
3) во казиното внесува технички помагала соодветни за стекнување на предност во играта на среќа (член 71 став (2)) и
4) вработен во казино учествува како играч во игрите на среќа во казиното во кое работи (член 72 став (2)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице приредувач на игра на среќа, за прекршок ако:

1) овозможува учество во игри на среќа на лице помладо од 18 години (член 20 став (2)) и
2) овозможува влез во казина, во простории каде се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и автомат клубови на лице помладо од 18 години (член 20 став (4)).

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 159

Од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членовите 66 став (6), 75, 79, 89 и 94 од овој закон приредувачите на игрите на среќа во казино, во обложувалница и во автомат клуб имаат можност да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери, односно автомати на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи или да ги плаќаат надоместоците, односно давачките утврдени во членовите 160 став (2), 161 став (2) и 162 став (2) на овој закон.

### Член 160

(1) Приредувачите на игрите на среќа во казино кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на член 66 став (6) на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите автомати на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон.
(2) Приредувачите на игрите на среќа во казино кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на отпочнувањето на примената на член 66 став (6) на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, не ја плаќаат посебната давачка утврдена со член 94 на овој закон, а ги плаќаат следните надоместоци:

1) за автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат и
2) за автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 675 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат.

(3) Надоместоците од ставот (2) на овој член се плаќаат до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(4) Приредувачот од ставот (2) на овој член еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите на среќа.

## Член 161

(1) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената од член 75 на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 79 на овој закон.

(2) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 75 на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, не ја плаќаат посебната давачка утврдена со член 79 на овој закон, а плаќаат посебна давачка од 100.000 денари месечно, за секое уплатно-исплатно место.

(3) Посебната давачка од ставот (2) на овој член се плаќа до 15-ти во месецот, за претходниот месец.

(4) Доказот за уплатата на посебната давачка од ставот (2) на овој член приредувачот од ставот (2) на овој член е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## Член 162

(1) Приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 89 на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите автомати на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон.

(2) За приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 89 на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за приредување на игри на среќа во една деловна

просторија, приредувачите не ја плаќаат посебната давачка утврдена со член 94 на овој закон, а ги плаќаат следните надоместоци:

1) за автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат и
2) за автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 675 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат.

(3) Надоместоците од ставот (2) на овој член се плаќаат до 15-ти во месецот за претходниот месец.

(4) Приредувачот од ставот (2) на овој член еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите на среќа.

**Член 163**

(1) Приредувачите на игрите на среќа во казино од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон се должни да ги плаќаат и надоместоците утврдени со член 160 став (2) на овој закон.

(2) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со член 161 став (2) на овој закон.

(3) Приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на отпочнувањето на примената на овој закон се должни да ги плаќаат надоместоците утврдени со членот 162 став (2) на овој закон.

**Член 164**

(1) Постапките започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе продолжат согласно со прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на овој закон.

(2) Приредувачите на игри на среќа и забавни игри кои на денот на започнувањето со примената на овој закон имаат добиено лиценци или одобренија согласно со прописите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон, се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на започнувањето на примената на овој закон.

(3) Лиценците и одобренијата издадени согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007) продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени.

(4) Изменувањата на лиценците и одобренијата издадени согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007) ќе се вршат согласно со одредбите на овој закон.

(5) Министерот за финансии ќе го објави јавниот повик од членот 139 став (1) на овој закон во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на овој закон.

**Член 165**

(1) Министерот за финансии во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

(2) До донесувањето на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат подзаконските акти донесени врз основа на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007).

**Член 166**

Одредбите на членовите 66 став (6), 75, 79, 89 и 94 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

**Член 167**

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр. 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007), освен одредбите на член 78-а во делот со кој се уредени надоместоците во месечен износ за рулет маса, за други маси и за автомати на игри на среќа кои ги плаќаат приредувачите на игри на среќа во казино и автомат клуб и одредбите на членот 79-а во делот со кој е уредена посебната давачка која ја плаќаат приредувачите на играта на среќа обложување на спортски натпревари, кои престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 168**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по истекот на шест месеци од денот на неговото влегување во сила, освен одредбите на членовите 66 ставови (1), (2), (3), (4) и (5), 160 ставови (2),(3) и (4), 161 став (2),(3) и (4), 162 став (2) (3) и (4) и 163 на овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

# ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ *ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ ВО ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ

**(Службен весник на РМ, бр.51/2011 од 13.04.2011)**

### Член 22

Министерот за финансии ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на РМ, бр.24/2011 од 13.04.2011), освен подзаконските акти предвидени во членовите 149-а став (2) и 149-б став (2), кои ќе се донесат во рок до 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ”, а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на РМ, бр.24/2011), освен одредбата на членот 21 на овој закон која ќе започне да се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон.

**(Службен весник на РМ, бр.148/2011 од 21.10.2011)**

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.